**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ**
**ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ОДБРАНА И МИР**
**Стратегиски и одбранбени студии**

**МАГИСТЕРСКИ ТРУД**

# УЛОГАТА И РАСПРОСТРАНЕТОСТА НА ВОЕНАТА МОЌ ВО УСЛОВИ НА СОВРЕМЕНИТЕ ГЛОБАЛИЗАЦИСКИ ПРОЦЕСИ

**МЕНТОР**
Проф. д-р Горан Зенделовски

**ИЗРАБОТИЛ**
Милан Лакоски

**СКОПЈЕ, 2019**

## СОДРЖИНА

**ВОВЕД**......................................................................................3

1. **Поим за војни**..........................................................................6

1.1. Цели и начин на водење војна.......................................................8

1.2. Концептот на нови војни...............................................................14

1.3. Современ начин на војување.........................................................16

1.4. Превентивни војни и превентивни интервенции.................................19

1.5. Хибридни војни...........................................................................20

1.5.1. Карактеристики на хибридната војна............................................23

1.5.2. Алатки и цели.........................................................................25

2. **Современа легитимација на војната**..............................................28

2.1. Теорија на праведна војна во 21 век...............................................29

2.2. Концептот на демократски војни.....................................................34

2.3. Глобалната војна против тероризмот...............................................35

2.4. Приватизација на безбедноста и иднината на војувањето ......................36

3. **Реструктуирање на светскиот поредок во современите меѓународни односи**.........................................................................................38

3.1. Безбедносни импликации на новиот светски поредок............................42

3.2. Теорија за рамнотежа на силите и хегемонија .....................................46

3.3. Концептите на моќ, безбедност и сила...............................................48

3.4. Видови на моќ во меѓународните односи...........................................52

3.4.1. Тврда моќ..............................................................................52

3.4.2. Мека моќ...............................................................................53

3.4.3. Паметна моќ...........................................................................54

4. **Колективните системи за безбедност и глобализацијата**.........................55

4.1. Европската унија како глобален безбедносен актер................................55

4.2. НАТО како глобален актер.....................................................................58

4.2.1. Новите мисии на НАТО........................................................................60

4.3. Улогата на ООН во зачувување на мирот и стабилноста..........................65

5. **Распространетоста на воената сила во услови на современа глобализација**.............................................................................................67

5.1. Глобализацијата и милитаризацијата.....................................................73

5.2. Поврзаноста меѓу глобализацијата и конфликтите.................................78

5.2.1. Глобализирани војни и војни породени од глобализација..................85

5.3. Глобалните закани и опасности во современото меѓународно опкружување.............................................................................................88

5.4. Меѓународен трансфер на оружје во 21 век...........................................95

5.4.1. Пролиферација на оружје за масовно уништување..............................97

**ЗАКЛУЧОК.........................................................................................101**

**БИБЛИОГРАФИЈА...............................................................................105**

# ВОВЕД

Причините за војна и конфликт во денешно време на глобализираност се помногубројни и поизразени за разлика од минатото каде што војните беа претежно поврзани за територии и меѓуетнички разлики. Но,војните во 21-от век се разликуваат во многу нешта. Како главна причина за „воен поход“ и револуција во военотехнолошките достигнувања, се однесува на настаните од 11 септември во 2001 година. Оттука и започнува трансформацијата на воено-безбедносните структури и институции, промена на националните и воените-одбранбени доктрини, начинот на војување и изведување на воени операции. Овие терористички напади доведоа до апсолутна доминација на средствата на „тврда моќ“ во глобалните превирања. Тврдата моќ е воената моќ на државата за остварување на своите цели. Спротивно на тврдата моќ е меката моќ. Таа претставува влијание, убедување и привлекување што би довело до соработка од страна на другите и остварување на некоја цел. Меѓутоа, во современите текови „меката моќ“ зазема се поголема улога во меѓународните односи. Тоа се должи на тоа што „меката моќ“ има индиректно влијание како што би значело дека со нејзина употреба може да се постигне одредена цел без при тоа да се потрошат големи финансиски средства и човечки жртви. Комбинацијата на овие два вида на моќ,(тврдата и меката), создава трет вид на моќ, таканаречена „паметна моќ“.

Меѓу другото, геополитичките промени доведоа до нова несигурност и предизвици поради промената на силите и дисбалансот помеѓу клучните актери. Тешко може да се каже и да се зборува за фиксни и јасни курсеви во меѓународните односи. Ниту пак постојат шеми на меѓународниот поредок според кој актерите сигурно ќе можат да го најдат своето место „под сонцето“. По претпоставка за безбедноста како мотив на државата, и од теза на анархична структура на меѓународната политика се донесува заклучок во однос на законитоста на рамнотежата на силите. Политичката рамнотежа на силата ќе преовладува секогаш кога ќе бидат исполнети два услови а тоа се : поредокот да е анархичен и да го создаваат единки кои имаат желба да

опстанат т.е. услов за рамнотежа на силите е тоа две или повеќе држави да коегзистираат во систем за самопомош.

Процесите на глобализација кои го забрзаа темпото на индустријализација, компјутеризација и размена на технологии, имаа значително влијание и врз воената сфера. Меѓутоа, да не се изостават појавата на асиметричните и другите невоени закани и опасности кои ги мултиплицираа воено-безбедносните проблеми. Новите глобализациски процеси доведоа до нови закани по безбедноста, меѓу кои се тероризмот, пролиферацијата на оружје за масовно уништување, регионалните конфликти, меѓународниот криминал и други. Стравот од овие закани допринесе некои земји да преземат „превентивни мерки“ со изведување на „превентивни војни“ во оние земји од светот кои се уште ги немаат прифатено западните вредности. Што на некој начин наместо да се редуцираат заканите и опасностите доведе до глобализирање на воената сила, а со тоа и до воспоставување на нов светски воен (без)поредок. Старата војна веќе не е во истиот облик, таа се менува и добива нов облик. Пример за тоа е појавата на хибридни војни.

Поради тоа ова истражување ќе ги елаборира состојбите и процесите кои се поврзани со распространетоста на воената моќ во меѓународните случувања. Според многумина во 21-от век, воената димензија на глобализацијата е се повеќе изразена и истата може да ги забрза или забави процесите на општествени промени. Оттука, фокусот на истражување ќе биде насочен кон воените аспекти на глобализацијата кои се однесуваат на воените сили и средства, кои поради политиките и економиите, се во функција на новиот светски поредок. Тие се одликуваат со глобална трговија со оружје која пораснала за 10% од 2008 до 2017 година при што го достигнала највисокото ниво од крајот на Студената војна. Потоа се одликуваат со пролиферација на оружје за масовно уништување, појава на транснационалниот тероризам и дискурсот на глобалната небезбедност. Од друга страна, овие опасности се причини за воспоставување на нови модели на соработка меѓу државите во полето на безбедноста и одбраната. Како резултат на таа соработка е и дејствувањето на Северноатланската алијанса, која има се поголемо влијание во меѓународните односи, а воедно е и организација која служи за одбрана на просторите во кои во целост е воспоставен капитал системот. Последните операции на НАТО говорат дека предизвиците со кои се соочува алијансата

бараат сеопфатен приод од меѓународната заедница вклучувајќи широк спектар на воени и цивилни инструменти, истовремено почитувајќи го мандатот и автономијата во донесувањето на одлуките на сите актери. Покрај НАТО, ООН и ЕУ се главни актери во мировните операции низ светот со голем број на мировни мисии.

Според тоа главен проблем на истражувањето би бил проучување на можните импликации од воената димензија на глобализацијата врз светскиот поредок и на кој начин процесите на глобализација придонесуваат за појава на конфликти и војни. Додека општа научна цел на ова истражување ќе биде да се утврди дали процесите на глобализација влијаат врз порастот и распростанетоста на воената моќ и на кој начин придонесуваат за промена на политичко-безбедносната и општествена состојба. Притоа, целта на истражувањето ќе биде насочена кон согледување на процесите на промени предизвикани од глобализацијата кои влијаат врз глобалната небезбедност.

# 1.Поим за војни

Феноменот на војната бил и е предмет на проучување на голем број автори од различен стручен и научен профил. Секој од нив, во рамките на пројавениот интерес, се обидувал од свој агол да ја опсервира појавата и врз основа на тие сознанија произлегле низа дефиниции и видувања за војната. Постојаниот широк дијапазон на толкувања во врска со војната е и разбирлив бидејќи појавата во различен степен ги засега речиси сите области од општественото живеење (политиката, економијата, дипломатијата, психата, верата и други). Но и покрај постоењето на голем број определувања на војната, низ историјата, а и денес, егзистираат одделни дефиниции и толкувања за кои може да се каже дека се репрезентативни и главно прифатени од поширок круг на проучувачи и теоретичари на војната.[1]

Како едно од тие определувања, кое во теоријата на војната се смета за релевантно, е она на Клаузевиц[2], иако и тоа во денешно време, од одделни западни автори, е доста критикувано. Имено, овој пруски генерал војната ја дефинира пред се како акт на насилство што има цел да го принуди противникот на исполнување на волјата на спротивната страна. Притоа, се потенцира дека војната е политички акт, орудие на политиката, продолжение на политичкиот однос, но со други средства. Од формулацијата на Клаузевиц се воочува дека војната е средство, додека политиката ги определува целите, при што војната е само продолжение на таа политика и е нејзино подредено орудие. Всушност, војната е конкретен начин и не може ниту за миг да биде одвоена од поликата, меѓутоа војната сама по себе, по своето специфично обележје, може да се разгледува одвоено.

Натамошната анализа на дефиницијата на Клаузевиц за војната наметнува и една дилема, односно прашање од типот „дали секоја употреба на насилство во политички цели претставува војна?“ При ова се мисли на појави какви што се државен удар, пуч, востание,

---

[1] Нацев З., Начевски Р., Војна, мир и безбедност,Куманово:Македонска ризница, 2000 .,стр.14

[2] Клаузевиц К., О рату, Београд, 1951.

револуција, воена интервенција, разни полициски акции од пошироки размери, тероризам, диверзии и други. Посочените појави не можат да се подведат под категоријата војна, макар што некои од нив се составен елемент и манифестација на војната. Имено, иако голем дел од посочените појави често се подведуваат под категоријата војна, сепак станува збор за судир меѓу добро вооружени учесници на нереди или меѓу нив и на регуларните сили. За предизвикување или пак за создавање на ситуација на, на пример, вооружен бунт или граѓанска војна, во основа не се потребни високо обучени формации, туку групи на незадоволни и со омраза или со огорченост исполнети луѓе, надополнети со елементарно вооружување. Во принцип, многу е поедноставно да се предизвикаат и развијат немирите отколку војна, а при тоа тие долго да потрајат. Исто така, постои помала веројатност некој граничен спор да ескалира во вистинска војна отколку во случај некоја држава да се обиде да ја симне владата на некоја соседна земја. Војната е сепак нешто повеќе од убивање, насилство и безмилосно уништување. Таа се води до нејзиниот исход а воената вештина е нешто повеќе од „униформи, паради и импресивно вооружување и опрема“.

Во контекстот на дефинирањето на војната, мошне значајно е Рајтовото тврдење[3]. Тој во трудот „Студија за војната“ тврди дека од гледна точка на секоја завојувана страна, на неа може да се гледа како на крајно интензивирање на воените активности, на психички напрегања, на правната власт и на општествената интеграција. Војната може да се смета како истовремен конфликт на вооружените сили, на расположението на населението, на правните начела и на националните култури кои се толку изедначени што конфликтот меѓу нив доведува до максимално интензивирање на секој од тие фактори и на двете страни.

Според двете посочени дефиниции, синтетизирано, за војната може да се рече дека е облик на драстичен конфликт меѓу општествата, во кој, заради остварување на проектираните политички цели, и двете страни ги користат сите облици на насилство, преферирајќи го вооруженото насилство како доминантно во најголемиот тек на судирот.

---

[3] Wright D., A study of War, Chikago, 1951

### *1.1. Цели и начини на водење на војна*

За војната не е доволно само да се искажат дефинициите за да се разбере нејзината суштина туку е потребна дополнителна и проширена теоретска елаборација на нејзините содржини за да можат да се согледаат нејзините димензии, законитости, правила, манифестациите, видови, облици и слично. Оттука и натамошното излагање е насочено во тој правец.

Војната мора да се сфати како мошне комплексна појава во која се испреплетуваат насилството, разумот и политичката волја, при што таа повеќекратно ја менува својата природа, во секој конкретен случај.

Имено, умерените политички цели во војната, неа ја ограничуваат во поглед на насилството, димензиите и областите на нејзиното ширење. И обратно, политиката е таа што го преобразува лицето на војната, речиси до крајни граници, како во поглед на ангажирањето на силите и средствата така и по однос на манифестирањето на насилството. При тоа, на голема, радикална политичка цел и соодвествува и голема војна, а на мала политика и – мала цел, при што и во двата случаи политиката, освен тоа што го наоѓа своето продолжение, се соочува и со мигот на вистината – колку е способна перото да го замени со меч. Може да се смета дека замената е соодветна ако политичката цел е сообразна со нејзината воено-стратегиска моќ, а во спротивно, чинот на војната е безумен и осуден на пропаст.

Политиката умее многу често да се апстрахира од оваа релација и се обидува да го користи воениот инструмент иако тој не е способен да одговори на манифестираната политичка волја во дадениот конфликт. Целите на најголем број војни водени во историјата биле главно мотивирани од некои економски и политички причини, изземајќи ги тука т.н. верски војни. Денес, за разлика од порано многу од тие цели можат да се сметаат за неприфатливи, па дури и за непримерни, при што главно ги имаме предвид непосредно економските причини. [4]

---

[4] Нацев З.,Начевски Р.,Војна, мир и безбедност:Македонска ризница,Куманово,2000,стр.18

Во однос на начинот на нивното водење, некаде до средината на минатиот век, речиси е дека немало поголеми осцилации во нивното изведување бидејќи се почитувале постоечките правила и кодекси. Наполеоновите војни донесоа голема пресвртница во тој поглед. Се ангажираат потенцијалите до максималните граници, се создаваат масовни армии, се помалку се почитува советот на Сун Цу[5] дека „непријателската нација не треба да се уништи“. Може сосема јасно да се воочи дека почетните, условно кажано позитивно дефинирани цели, со тек на развојот на војната биле трансформирани во трајно негативни, придружени со преферирањето на категоријата „тотално уништување на непријателот“, со висок степен на омраза спрема него. Како пример за една таква трансформација, одделни автори ја посочуваат Првата светска војна. Освен тоа, минатите војни, во периодот меѓу 13 и 19 век, биле водени меѓу различни нации, но тие имале заедничка култура, христијанска идеологија и речиси идентичен систем на вредности на владечката класа. Руската револуција тоа го прекинала.

Интересно е да се напомене и тоа дека уште од најрано време, па се до денес, најголем дел од диктаторските, авторитарните влади и олигархии, промовираа став дека армиите служат, пред се, заради зачувување на внатрешниот статус кво. Покрај тоа, таквите режими, многу често знаеја да се служат со еден проверен трик да се интервенира со воена сила надвор од границите заради намалување и оттргнување од сопствените внатрешни тешкотии.

Кога се говори за целта на воениот поход и, се разбира, за политиката што го следи, конкретните војни се движат и варираат меѓу две крајности. Едната е кога военото напрегање и динамизмот одат до крајни граници, следена со намерата да се остварат радикални решенија по пат на конечна пресметка во битката. И другата, што повеќе личи на одмерување на силите, во која конечната пресметка се заменува со концентрација и маневар на силите, а борбата на живот и смрт и отстапува место на потребата за завземање и држење на некоја позиција.

[5] Сун Цу, Вештина на војувањето, Скопје 1996

И двете димензии на војната, радикалната и ограничената, многу ретко се наоѓаат во чиста форма, поради тоа што ниту еден судир не се решава во еден миг ниту пак може да се избегне можноста ограничените акции да се претворат во крвава пресметка. Сепак основниот закон во борбата, кој влијае врз сите одлуки, се манифестира во настојувањето противникот да се разоружи, а да се спречи можноста да се најдеме во таква ситуација. Стратегијата е таа која при максималното напрегање на силите ги проценува мерките на секоја стратегиска замисла и го утврдува однесувањето што води кон целта, а тоа го определува и чинот на војната во својата целокупност. Од друга страна, може јасно да се забележи дека она што го определила политиката во војна е надредено над стратегијата и честопати при изготвувањето на политичката спогодба го сопира воеactive напрегање пред, во текот и по војната.

Се разбира дека никој не војува само заради војување. Но самиот чин на војување носи со себе реална опасност во одделни фази орудието на политиката да се измолкне од контролата на политиката, особено ако не се изградени соoодветни сопирачки механизми. Има многу примери во историјата кога воениот механизам во текот на војната продолжил да дејствува по „своја логика“, пред се заради ефектот на „мелница“ што ги турка збиднувањата и тогаш кога политиката наложува сопирање или преиначување на дејствата[6].

Познато е дека од француската револуција па наваму војните се именуваат како современи ( некои тоа го велат за војните водени по Втората светска војна) бидејќи стануваат речиси неограничени во ангажираните сили и средства. Тие стануваат целосно проткаени со идеологија (политика), а од друга страна се се повеќе „материјални и технички“, со што и разликите меѓу одделни видови на војни стануваат се помали.

Војната е бесмислена, но може да се говори за нејзиниот функционален аспект. Во таа смисла можат да се разберат обидите за внесување на цивилизациски норми во нејзиното водење и тоа во вид на конкретни меѓународни и други документи кои, за волја на

[6] Нацез З.,Начевски Р., Војна, Мир и безбедност: Македонска ризница, Куманово,2000,стр.20

вистината, сепак не придонесуваат за нејзината хуманизација. Војните пред се се „безлични, тајната на нејзината моќ може да се открие само со укажување на нејзината бруталност, безумна е како земјотрес, таа е природно погубна, мешаница без цел, неконтролирано пустошење“. Или, како што натаму истакнува Гликсман, „од времето на Џингис Кан таа ги умножуваше своите облици, без ништо да загуби од својата суровост, таа станала современа низ чадот на барутот, граѓанска низ теророт, поединечна низ борбата на живот и смрт“[7].

Противниците веруваат дека се борат за мир, па така, за да дојде до спогодба потребно е тоа да го сакаат и двете спротивставени страни. Крајот на војната значи дека е напуштена опцијата на радикално напрегање на силите, бидејќи се преферира варијантата на преговарање, дека е дојдено до прекин на огнот и бидејќи се прецизирани одредбите од мировниот договор. Дани Ган во оваа смисла истакнува дека „ војната лесно се почнува, да се продолжи е скапо, а да се заврши е тешко. Војните обично почнуваат поради тоа што едната или двете спротивставени страни сметаат дека победата им е осигурана, нејзиното водење продолжува во голема мера поради националната гордост а завршува кога едната или двете страни ќе останат опустошени и деморализирани или, што е поредок случај, кога ненадејно ќе сфатат дека војната што ја водат е апсурдна“.

Денес се водат само промислени војни затоа што за нивното водење мора да постои причина. Зад целите кои сакаат да се остварат стои сметката што треба да се „плати“, а сето тоа е запакувано во определен фонд на зборови што служат за основна комуникација по повод војната и за легализација на нејзиниот тек и цел.

Сите земји располагаат со војска, но разликите во нивниот квалитет, квантитет и ефикасноста се очигледни, и нема да згрешиме ако констатираме дека само околу десеттина земји во светот се способни и можат да водат офанзивни војни. Можноста за нивно вовлекување во некој локален судир е, всушност, и најголема опасност војната да придобие пошироки размери. Во принцип, по завршувањето на некоја војна, по сумирањето на резултатите, се доаѓа до еден заклучок дека таа

[7] Гликсман А., Говор Рата, Београд, 1996

не се исплатува и бидејќи во основа нема победник, што често се заборава кога таа се почнува.

Едно од прашањата што се наметнува при разгледувањето на феноменот на водењето на војната се однесува на поврзаноста меѓу владеачката политика и народната волја, односно, јавното мислење, од една страна, и физичката стварност, од друга страна. Истражувањата правени во овој домен покажуваат мала поврзаност, односно ниска корелација меѓу посочените варијабли. При ова, многу често се потенцира тоа дека во одделни периоди, силен харизматичен водач може да биде многу посилен фактор на влијание. Но, сепак, историското искуство покажува дека владите и нивните лидери, особено во последните два века, не се многу колебливи по однос на почнувањето на војна, без оглед на своите можности и изгледи успешно да ја извршат, сметајќи ја поприфатлива варијантата на уништување на својата земја отколку нивно заминување од власта.

Но, во денешно време, во земји со развиена демократија, каде што силно се чуствува и манифестира мислењето на јавноста, работите во однос на автономијата на владејачката гарнитура по прашањето на водењето на војната не се толку едноставни. Притоа е присутна една очигледна варијабилност на јавното мислење во одделни етапи на неговото манифестирање во однос на војната. Имено, почетното мислење и став на јавноста е обично „ад хок“ отфрлување на војната по секоја цена. Но, ако дојде макар и до симболична употреба на сила надвор од земјата, состојбата се менува со правец на поддршка на таквата акција. Ако при тој конфликт противничката страна превземе акции насочени кон разбивање на волјата на народот, а не заради постигнување на воени предности, преку, на пример, дејствување од воздух по населени места, културни центри и сл., решеноста за отпорот се зацврстува и зголемува понекогаш и над разумни граници и тоа во сообразност со степенот на претрпените штети. Со влошување на општите услови и гласот на опозицијата спрема владејачката гарнитура се повеќе стивнува. Крајна фаза е периодот на резигнација и на пасивно прифаќање на текот на спроведувањето на воените акции, а кога

противникот ќе стане понадмоќен, волјата на отпорот наполно се крши (на пример, Јапонците по Хирошима и Нагасаки).[8]

Денешните армии, особено оние во западните земји, се на удар како на народот така и на политичките организации, пацифистите, и невладини организации и други, во смисла на преиспитувањето на нивната позиција, на нивното однесување во одделни ситуации и, воопшто, на полезноста. Причините за тоа најверојатно се пукнатините во нивната уверливост а особено во апсурдноста од нуклеарната закана и др. Од друга страна, револуционерното војување, во сите свои облици, а сега и тероризмот ја замаглија граничната линија меѓу војната и мирот. Таа флуидност на состојбите, која не е во класична смисла ниту мир ниту војна, создава провидно стабилна ситуација на која, и се заканува промена. [9]

---

[8] Нацев З., Начевски Р.,Војна, мир и безбедност,Куманово: Македонска ризница, 2000,стр.23

[9] Исто, стр.24

## 1.2.Концептот на „нови војни“

По 1945 година, глобализацијата доведе до специфични форми на насилни конфликти означени како„војни од трет вид“[10]. Според Калдор во новите војни традиционалната поделба на војни (насилство меѓу државите или организирани политички групи со политички мотиви), организиран криминал (насилство од страна на приватни здруженија, обично за финансиска добивка) и насилства за човекови права (насилство од државата или приватни групи против поединците, главно цивили) станува замаглено.

Според Калдор, „новите војни“ се разликуваат од „старите војни“ во однос на целите, методите и финансирањето, кои ја одразуваат ерозијата на државниот монопол на правото за организирано насилство. Целта на борците може да се сфати како борба меѓу космополитски и ексклузивистички идентитетни групи кои бараат контрола над одреден простор, вршејќи етничко чистење и терор над припадниците на други етникуми или на луѓе со космополитски погледи. Во однос на методите, новите војни се водат преку новите „начини на војување“ преку герилски техники и контраразузнавање. Ваквото војување е специфично бидејќи се избегнуваат одлучувачки ангажмани и територијата се контролира преку политички манипулации покажувајќи, „страв и омраза“, а не „разум и чувства“. Притоа се изнајмуваат паравоени групи кои шират страв и омраза меѓу цивилите поефикасно од професионалните воени сили[11]. Паравоените групи се исто

[10] Уредник Пол Д. Вилијамс, Студии по безбедност, Арс Ламина Доо, Скопје,2012, стр 165
[11] Исто, стр 166

така популарни бидејќи тешко се следи линијата на одговорност на нивните акции до политичките лидери. Според Калдор, последната карактеристика на „новата војна“ е дека таа се финансира преку глобалната воена економија која е децентрализирана, меѓународна и во која завојуваните единици се само-финансираат преку црниот пазар или надворешна помош[12].

Ваквите војни тешко се доведуваат до крај бидејќи одредени поединци присвојуваат значителни и економски придобивки од војувањето. Дејвид Кин вели дека „за повеќето завојувани страни победата можеби не е пожелна, поентата на војувањето е можеби токму легитимноста што таа ја овозможува за активности кои во мир би се казнувале како криминал“. Затоа Калдор вели дека решението за новите војни лежи во реконструкција на легитимните (космополитски)политички заедници кои им веруваат на јавните авторитети, ја обновуваат контролата врз организираното насилство и ја враќаат власта на законот. Во тој правец, улогата на загрижените аутсајдери е да обезбедат „космополитско зајакнување на законот“ во вид на големи мировни операции, кои вклучуваат комбинација на воен, полициски и цивилен персонал.

Елементите со кои аргументира Калдор се оспоруваат и тоа : Прво, повеќето од елементите што ги идентификува не се „нови“[13]. На пример, насилството врз цивилите е особина на сите војни и нема докази што сугерираат привремено, квалитативно поместување во употребата на злосторството во 21 век. Втората критика се однесува на нејзиниот став за глобализацијата како нов процес кој ја измени природата на војувањето по 1945 година. Напротив, Баркави тврди дека глобализацијата не е нова појава, како што вели Калдор туку стар процес кој се однесува на циркулација, односно на процес во кој луѓето и местата стануваат меѓусебно поврзани. Баркави истакнува дека

[12] Уредник Пол Д. Вилијамс,Студии по безбедност,Арс Ламина доо,Скопје,2012,стр. 166.
[13] Исто, стр. 166.

војната е историски важна форма за поврзување меѓу општествата и во тој правец војувањето е долго време  глобализирачка сила. Вака сфатена глобализацијата не е разделена од војната насочувајќи се да ја измени природата на војувањето како што тврди Калдор, туку  војната е тесно поврзана со глобализацијата на светската политика веќе илјадници години. [14]

### 1.3. Современ начин на војување

Третиот начин на размислување за војувањето се однесува на начинот на кој западните држави ја користат воената сила. Појдовната точка во оваа дебата е дека иако големите војни помеѓу западните земји ќе исчезнат, Западот и понатаму е подготвен да војува, како што и редовно таа го прави. Тоа наведе некои аналитичари да тврдат дека современиот Запад дојде до точката на набљудувач. Метафората првпат ја употреби Мајкл Ман, кој тврдеше дека „ограничените војни кои вклучуваат држави-клиенти помогнати од западни професионални советувачи и мали експедициски сили „од нашиот двор“ не мобилизираат нации како „играчи“, туку како „набљудувачи“[15].

Идејата за „набљудувачко војување“ понатаму ја разработи Колин Мек-Инес. Спротивно од динамиката на ескалација, која остава простор за страв и тотална војна, Мек-Инес тврди дека современите војни водени од западните држави се локализирани и во однесувањето и во влијанието. Тоа се должи на: (1) Отсуството на глобални конфликти во кои се сумираат (за разлика од

[14] Уредник Вилијамс П., Студии по безбедност, Арс Ламина доо, Скопје,2012, стр.166
[15] Исто, 184-185.

Студената војна и нејзината идеја на задржување и експанзија)загубите; (2) Западната дефиниција за непријателите се промени од спротивставување на државата и граѓаните за промена на одреден режим или лидер и (3) Цивилите не се веќе легитимна цел, се прават на напори за намалување на „колатералната штета“. Во тој контекст се разви дебата за степенот до кој „војната против теророт“, водена од САД ја замени Студената војна како глобален конфликт со кој се поврзани локалните конфликти[16].

Друга клучна разлика во западните современи војни е дека тие не вклучуваат големо социјално учество, туку ги води мал број професионални вооружени сили. Затоа во војна по „избор“,а не за „опстанок“, релативно мал број жртви може да имаат политички реперкусии, дури и кога се работи за воена супер сила како што се САД. На пример, 18 загинати војници на САД во Сомалија во 1993 година, беа доволни за да предизвикаат стратегиско повлекување на САД и сојузниците од земјата. Две недели подоцна на Хаити само на можен повидок за појавата на паравоени групи на пристаништето Порто Принс беше доволно да се повлечат САД. Војните водени од западните земји во земји како Босна, Сомалија, Косово и Шри Ланка се војни на избор за да се помогне во остварување на либерални политички цели, а не војни за опстанок. Кога станува збор за остварување клучни национални интереси, како во Авганистан, Ирак и Сирија, толеранцијата за жртви е поголема.

Во тој контекст Мек-Инес идентификуваше неколку клучни особини на „набљудувачкото војување“: овие војни, се експедициски, т.е. базирани на локализирање на конфликтите и желба за војување надвор од западните земји., непријателот потесно се дефинира како режим на целната држава а не целото општество. Непријателските вооружени сили не секогаш се цел за уништување. Зголемена е желбата за намалување на колатералната штета бидејќи само мал дел од непријателското општество е легитимна цел. Заштитата на силите, и потребата од намалување на ризиците за западните

[16] Уредник Вилијамс П., Студии по безбедност, Арс Ламина доо, Скопје,2012, стр.168

сили е приоритет. Намерата е да се избегне и синдромот на, кој може да и наштети на домашната поддршка за војувањето и да се заштитат инвестициите во воените професионалци.

Во ваков вид на војување западните земји ја нагласуваат важноста на военото воздухопловство. Тоа е многу полесно да се распореди, и е многу прецизно споредено со копнените и поморските сили, и овозможува брзи и директен пристап до непријателското водство. Западот има голема предност во овој начин на војување, а може да се нападне непријателскиот центар на гравитирање директно без да се вклучи масата на непријателските сили. Но, во практика има многу ограничувања во употребата на воздухопловството како идеален иструмент за спроведување во„хумано и не ризично " војување[17].Прво, иако поделбата на цивили и воени лица се чини лесно, на терен тоа е тешко. Второ, грешките при одредување на целта, операционалните и техничките грешки доведуваат до цивилни жртви. Трето, многу стратегиски важни цели се дел од цивилната економија. Четврто, дури и „хируршките" удари врз градовите ги тероризираат граѓаните поради постојаниот страв од колатерални грешки.

---

[17] Уредник Вилијамс П., Студии по безбедност, Арс Ламина Доо, Скопје, 2012, стр.169

## *1.4.Превентивни војни и превентивни интервенции*

Превентивните војни и превентивните воени интервенции се ризични операции. Превентивната војна е воена, дипломатска и стратешка акција насочена кон непријателот од кого се очекува дека ќе ја зголемува својата моќ, така што ако се одложува интервенцијата. Превентивната интервенција е воена операција или серија на операции која има за цел да ја оневозможи непријателската способност да ве нападне вас.

Во двата случаи дипломатското решение е невозможно. Но, проценката дека треба да се превземаат овие војни  е дискутабилна и затоа овие војни често се контроверзни.

Вакви војни постојат низ историјата уште од пред нашата ера, па се до денешно време. Таква е војната која САД ја водеше во Ирак во 2003 година против заканата од програмата на Садам Хусеин за поседување оружје за масовно уништување. Инвазијата беше успешна во делот на поразот на ирачките конвенционални вооружени сили, окупацијата на земјата и соборувањето на Садам Хусеин. Разузнавачките служби на САД заклучија дека и покрај тоа што целта на Садам Хусеин била да ја обнови неговата програма на оружје за масовно уништување, сепак таа програма е уништена во 1991 година. Денес Ирак нема оружје за масовно уништување, но е поделена земја која се опоравува од војната со ИСИС. Иако превентивната војна беше успешна сепак за неа е платена висока цена.

Според тоа превентивните војни и превентивните воени интервенции може да се превземаат под одредени услови. Доколку напаѓачот извршува брилијантна операција, има воена надмоќ, може да мобилизира политичка поддршка дома и во меѓународната заедница и е подготвен да плати висока цена и да го носи товарот доколку војната се одолговлекува.[18]

[18] https://www.hoover.org/research/preempative-strikes-and-preventive-wars-historians-perspective.

## *1.5.Хибридни војни*

Хибридната војна претставува синхронизирана употреба на повеќекратна моќ насочена и приспособена кон специфични слабости на цел спектар на општествени функции за да се постигнат синергични ефекти.

Хибридната војна е асиметрична и употребува многу инструменти на моќ и техники кои не се традиционални. Овој начин на војување се одликува со таргетирање на слаби точки низ целото општество на не традиционален начин.

Се смета дека хибридната војна во суштина е освојување и постигнување на поставените цели, со малку или без воена борба. Во хибридната војна невозможно е да се каже кога почнува реалната војна или организираното насилство. Една од клучните идеи на хибридната војна е тоа што намерно ја „замаглува“ разликата помеѓу категоријата на војни, мир и цивилни и воени операции. Ова „замаглување“ се постигнува со користење на широк спектар на средства, насилни и ненасилни, војни и цивилни, на внимателно планиран начин без да се  крши прагот на војната, дури и ако нивото на ескалација се разликува.

Целта на хибридното војување е создавање на хаос кој потоа се насочува или претвора во вооружени судири, а како очигледни примери се посочуваат Арапската пролет и Украина, каде што Русија употреби бројни невоени мерки како што се политичките „игри“ околу гасоводот, купување на политичари и поддржување на партии од крајната левица и десница кои

имаат радикални агенди кои потоа се шират низ разни информативни канали[19].

Хибридното војување е синергија и природна и историска последица од обединувањето на Студената војна и малите војни кои го карактеризираат периодот после двете светски војни. Хибридното војување започнало со Студената војна односно по завршувањето на Втората светска војна и се уште трае.

Сите војни од втората половина на 20 век и првата половина на 21 век се окараттеризираат како хибридни војни. Ако 20 век бил век на светски војни, 21 век е век на хибридни војни.

Констатацијата е дека хибридното војување не е ниту вооружена војна ниту невооружен конфликт, тоа е и едното и другото, односно мултидисциплинарно делување. Оттука, сите општествени потенцијали мораат да се мобилизираат и ангажираат во системот на одбрана, подготвувајќи се за борба, бидејќи станува очигледно дека старата војна доаѓа во нов облик.[20]

Хибридното војување се однесува на координирање на конвенционални и невообичаени алатки на војување во рамките на бојното поле од страна на државен или недржавен актер. Конвенционалните оружја вклучуваат воени инструменти кои не се оружја за масовно уништување (не се хемиско, биолошко или нуклеарно оружје). Невообичаени алатки на војувањето го вклучуваат тероризмот, криминалните активности, бунтови, герилска војна, како и сајбер војна. Сајбер војната се однесува на постојан компјутерски напад над противничкиот компјутерски систем, што значи,

---

19 https://assets.publishing.service.gov.uk/goverment/uploads/system/uploads/attacment/file/647776/dar_mcdc_hybrid_warefare.

20 https://assets.publishing.service.gov.uk/goverment/uploads/system/uploads/attacment/file/647776/dar_mcdc_hybrid_warefare.

непријателски дигитален напад на информациско – технолошката инфраструктура.

Последните нови неконвенционални пристапи вклучуваат употреба на единици за специјални операции, прокси, и нови форми на информациски операции, особено во социјалните медиуми. Информациските операции, кои што во 1990-тите беа наречени информациско војување, се однесуваат на мерки создадени да влијаат или да ги изврТуваат информациите во нивна корист. Видови на информациски операции, електронско војување, дури и кинетички напади на командни или контролни сајтови. Психолошките операции, како контрола на војната, со цел да предизвикаат зголемување на емоциите во размислувањето на непријателот. Овие операции содржат разни активности од дистрибуирање и расфрлање на летоци до денешното ширење на „лажни вести“ и употреба на интернет.

Некои од концептите на хибридна војна вклучуваат и поширок круг на невоени алатки. Од оваа перспектива, хибридното дејствување е непријателско дејствување кое симултано вклучува комбинација на конвенционални и нерегуларни (невообичаени) методи, заедно со политички, воени, економски, социјални и информациски средства. Некои примери можат да вклучат покрај другите средства, и интензивен дипломатски притисок, воени вежби покрај границите, контролирање на пристапот до економски средства како што се нафтата и гасот, искористување на националните идентитети и културни разлики, и водење на медиумска кампања на лажни информации на интернет. За некои автори, враќањето на политичкото војување кое содржи воени, разузнавачки, дипломатски, финансиски и други средства, помалку отколку конвенционалната војна, за да се постигнат националните цели – претставува дефинирање на функцијата на современата безбедносна средина.[21]

---

[21] https://assets.publishing.service.gov.uk/goverment/uploads/system/uploads/attacment/file/647776/dar_mcdc_hybrid_warefare.

### *1.5.1. Карактеристики на хибридната војна*

Хибридната војна денес егзистира во „сива зона“ помеѓу мир и војна бидејќи земјите настојуваат да ги остварат своите цели без да го поминат прагот и започнат конвенционална војна. Откако традиционалниот тригер за конвенционална војна ја исклучи воената агресија, државите кои водат хибридна војна практикуваат активности кои што не се откриваат, не се означени, не се веродостојни и негираат одговорност или прават „ маскарада на невмешаност“.

Хибридната војна е далеку од формална објава на војна, отворена изјава претстојна или постоечка употреба на воена сила, колку што еден конфликт може да биде. Може да вклучува лимитирани реални битки, кои се дефинираат како „насилни борби“, или воопшто да нема битки.

Идејата е да се создаде двосмисленост во свеста на противничката држава да избрза со каков и да е конвенционален воен одговор.

Важноста на тоа што мерките кои ги превземаат актерите не може да се препишат на никого, е во тоа што тензиите се држат под прагот на употреба на сила што пак не упатува на тоа дека сајбер – војната може да има централно место во хибридната војна. Во зависност од способноста на сторителот, може да биде многу тешко да се утврди кој субјект или кој ентитет лансира сајбер напад. Сајбер нападот е мерка во хибридната војна кој што тешко може да се препише на некого. Според некои, предизвиците поврзани со идентификација на сторителите во сајбер просторот значи дека „сајбер просторот“ ќе биде најголема пречка во идната хибридна војна.[22]

Иако некогаш беше тешко да се замисли дека сајбер просторот ќе биде бојно поле меѓу државите и недржавните актери (како што се терористите) всушност државите докажаа дека тие се најзастрашувачки сајбер војници поради тоа што имаат значителни ресурси да се посветат на развој на способностите. Тоа што хибридната војна ја избегнува воената акција може да

[22] Sloan E., Hegemony, power and hybrid war,by Dialogue of Civilization Research Institute, 2018, достапно на:https://doc-research.org/2018/11/hegemony-power-hybrid-war/

го поврземе со мислата на древниот кинески генерал Сун Цу „да се покори непријателот без борба е најголема вештина“. Главните карактеристики на пристапот кон војната на Сун Цу е измамата или креирање на несигурност и конфузија во свеста на непријателот кој се однесува на работи како диспозиционирање на силите, воените планови и намери, изненадувањето, поттикнување на несогласување, разделување на сојузниците. Според Сун Цу „само тогаш кога непријателот не може да се совлада со овие средства треба да се употреби воена сила“. Сите овие идеи може да се забележат во хибридната војна водена од државата.

Конечно, современата хибридна војна е офанзивна, а не дефанзивна, воена стратегија. Оние што водат хибридна војна не одговараат на близок настан или закана. Наместо тоа, тие водат „долга игра“, под прагот на отворена конвенционална војна, и редат тактички успеси кои на крајот ќе доведат до стратешка победа. Ова често може да доведе до остварување на целите, каде што фактите на теренот конкретно се променети и трошоците на оној што се брани да ја врати претходната состојба се многу високи. Хибридната војна е водена од актери кои не се задоволни од статус кво ситуацијата и кои сакаат да ја зголемат својата моќ во регионот. Многу конкретно се одлучни да го предизвикаат новиот светски поредок изграден од САД, кој што беше стабилен после Втората светска војна.[23]

[23] Sloan E., Hegemony, power and hybrid war,by Dialogue of Civilization Research Institute, 2018, достапно на:https://doc-research.org/2018/11/hegemony-power-hybrid-war/

### *1.5.2. Актери и цели*

Конвенционалната војна е војна кога актерот употребува конвенционални алатки на војувањето. Главната мета/цел на овој начин на војување е непријателската воена сила. Неконвенционалната војна е војна кога е вклучен недржавен актер, кој употребува една или повеќе нетрадиционални алатки на војувањето. Главната цел на овие нетрадиционални пристапи може да биде непријателска воена сила, но повеќе веројатно тоа е цивилната популација. Една војна се смета за хибридна доколку актерот – државен или недржавен превзема координирана употреба на алатки кои се конвенционални и неконвенционални. Хибридната војна водена од страна на држава е покомплицирана затоа што може да вклучува некои од новите нетрадиционални пристапи кои што не се достапни на не-државните актери. Што значи, државните актери имаат можност да вклучат методи на политичко војување во нивниот пристап на хибридно војување.

Двата вида, и хибридната војна водена од државен и онаа водена од недржавен актер ги таргетираат и воената сила и цивилното население. Но, нивните цели се разликуваат. Недржавните актери водат хибридна војна за работи како што се сецесија, или да одолговлечи државниот актер да интервенира.

Може да забележиме дека сите овие форми на војување без разлика дали ги води државен или недржавен актер, како цел, имаат државен актер. Бунтовништвото и граѓанската војна, каде што актерите се државни и недржавни субјекти, и кои беа доминантни во ерата после Студената војна, не се вклучени во оваа шема. Табелата ги забележува разликите на конвенционалното војување, и хибридната војна врз основа на актерите и средствата што се употребуваат.[24]

---

24 https://assets.publishing.service.gov.uk/goverment/uploads/system/uploads/attacment/file/647776/dar_mcdc_hybrid_warefare.

Табела број 1. Актери и средства во конвенционално и хибридно војување.[25]

| | Конвенци-онална | Неконвенцио-нална | Хибридна војна од 1990 до 2000 | Хибридни војни после 2010 г. |
|---|---|---|---|---|
| Актери | Државен | Недржавен | Недржавен | Недржавен |
| Средства | Сите конвенционални оружја | Тероризам Нестабилност Криминални активности Герила Субверзија Саботажа Сајбер војна | Неконвенцио-нална војна комбинирана со една или повеќе алатки на конвенционал-на војна кои обично се поврзани со државите | Конвенционално оружје комбинирано со една или повеќе алатки на неконвенцио-нална војна. Исто така може да вклучува пошироки политички, економски, воени, социјални и информациски средства. |
| Таргети | Воени сили противници на државата | Воени сили противници на државата или (многу почесто на цивилното население) | Воени сили противници на државата | Воени сили противници на државата и цивилно население |
| Цели | Пораз на противничките воени сили | Сецесија или соборување на владата | Сецесија или забрзување на интервенција на државен актер | Постигнување регионални цели под околности помали од конвенционални војни |

[25] Sloan E., Hegemony, power and hybrid war,by Dialogue of Civilization Research Institute, 2018, достапно на:https://doc-research.org/2018/11/hegemony-power-hybrid-war/

Евидентно е дека концептот за хибридната војна се трансформираше во последните неколку декади. Таа првенствено од 1990 и 2000 г, беше употребувана да се опише активност која ја води недржавен актер. Чеченскиот напад на Русија, беше сметан за хибриден, затоа што чеченците употребија, модерна воена комуникациска технологија и координирани воени операции кои што се вообичаени за војување на државните актери. Слично на тоа, за време на војната на Израел против Либан во 2006 година, Хезболах комбинираше терористички активности и сајбервојна со употреба на високотехнолошки воени капацитети како што се антисателитско оружје со цел да им наштетат на целите на Израел.

Франк Хофман констатираше дека во иднина државните актери ќе ги измешаат конвенционалните воени капацитети со употреба на тероризам и сајбер – војување, но, хибридната војна не се поврзуваше со државата се до Руската инвазија на Крим во 2014 година. Барајќи начин да ја опише Руската акција во Крим и Украјна, НАТО руските методи ги опиша како хибридна војна. Од тогаш па наваму, хибридната војна се смета за државна активност која вклучува и недржавни актери и други компоненти.

Многу набљудувачи забележаа дека хибридната војна не е нова, конфликтите со декади наназад, па и со векови и милениуми вклучувале конвенционални и неконвенционални пристапи. Но, хибридната војна денес е нова во однос на магнитудата, а не во однос на видот. Како и да е, конвенционалните и неконвенционалните елементи секогаш биле присутни во војната, но денес се позначително интегрирани на кохерентен начин. Во поранешните гледања на хибридната војна, главната компонента на конвенционалната војна беше воената активност, а секундарно значење има неконвенционалната војна. Во денешната хибридна војна конвенционалните и неконвенционалните војувања се измешаа меѓу себе во една единствена сила во рамките на бојното поле.

## 2. Современа легитимација на војната

Војната може да се дефинира според три клучни димензии: видот на насилство, легимитетот, и легалитетот. Првиот елемент е најмалку спорен: нема војна без еден или друг вид директно насилство. Легалитетот до скоро се сметаше за неспорен елемент, особено во Повелбата на ООН со која се забранува војната како средство на меѓународната политика, освен во индивидуална или колективна самоодбрана. Но, од интервенцијата на НАТО во 1999 година, класичниот принцип на немешање во внатрешните работи на суверените држави беше доведен во прашање. Тоа беше и почеток на промовирањето на нова идеја дека етиката на заштитата на човековите права е над застарените меѓународно – правни норми за неинтервенција. Дополнителен предизвик за меѓународно – правниот статус на војната создадоа настаните од 11/9 и реакцијата на нив во вид на глобалната војна против тероризмот. Конечен удар за легалистичката призма на војната зададе состојбата на флагрантно непочитување или опортунистичко користење на нормите на меѓународното воено и хуманитарно право. Димензијата на легимитетот на употребата на сила отсекогаш била и останува најконтроверзна. Во современиот свет, од крајот на Втората светска војна па денес, ниту една држава или алијанса не се осмелува да превземе воена акција без при тоа да има политичко, правно и/или морално оправдување и толкување на легитимитетот на својата акција. Нужното излегување надвор од правната дефиниција за легитимната употреба на сила, ги наведе политичките елити да почнат со нејзината креативна интерпретација и до обновување на теоријата на праведна војна. Така, на еден или друг начин, оваа теорија е присутна во објаснувањето на оправданоста на секој модерен облик на употреба на сила.[26]

[26] Превземено од: Ванковска Б., Меѓународна безбедност: критички пристап, Филозофски факултет, Скопје,2011, стр.69

## *2.1.Теоријата на праведна војна во 21 – век*

Иако појавата на теоријата на праведна војна се врзува со средновековните филозофи на христијанството и особено со името на Хуго Гроциус (таткото на меѓународното право), сепак нејзини практични елементи се среќавале во текот на целата историја на човештвото. Секоја ера се обидувала да дефинира морална рамка иправила на војување, со кои би се ограничиле непотребните страдања. Во овој контекст биле нормите за елементарната заштита на жените и децата или третманот на затворениците. Теоријата на праведна војна, по неуспехот на Лигата на народите, доживеа своја вистинска сатисфакција со донесувањето на Повелбата на ООН со вградување на идејата за jus contra bellum. Поточно, идејата за bellum legale, т.е. наместо со акцентирање на праведноста фокусот беше ставен на легалноста (законитоста) на употребата на сила. Но, само неколку години подоцна, етаблирањето на нуклеарната политика на двете суперсили создаде сериозен предизвик и потреба од нејзино редефинирање. Дополнителниот предизвик беа воените напори за сузбивање на разните ослободителни антиколонијалистички војни, а кулминацијата претставуваше Виетнамската војна. Кон крајот на 20 – от век, појавата на концептот на хуманитарна интервенција и доктрината на „одговорност да се заштити“ (responsibility to protect) со себе внесоа голема доза на морализирање и легитимирање на употребата на сила која не се употребува за самоодбрана, туку за заштита на други од масовно кршење на човековите права. Во поново време, настаните од 9/11 и консеквентните војни, вклучувајќи ја и глобалната војна против тероризмот, ја вратија оваа стара теорија на „голема врата“ не само во научните кругови, туку и во политичките кабинети.[27]

Теоријата на праведна војна треба да се разгледува во контекст на различните пристапи по однос на моралноста на војната:

- **Милитаризмот** тргнува од апсолутното право на војување и одрекува секаква можност од неговото ограничување. Во религиозен контекст

[27] Исто, стр.70

тој означува идеологија на света војна. Во секуларен амбиент, милитаризмот се олицетворува во идеологијата на тотална војна или на тероризам. Без оглед на формата, базичната претпоставка на милитаризмот е во тоа што каузата заради која се војува е со толкав приоритет што целта ги оправдува средствата.

- **Реализмот** ја смета војната за историски неизбежна карактеристика на човечката историја, па во тој контекст се обидува да воспостави најсоодветна одбрана на постојните вредности. Според тоа, вредностите на војната или мирот треба да се одмеруваат од случај до случај.
- **Пацифизмот** одрекува секаква легитимација на војна, односно негира постоење на право на водење војна. Во современиот, најчесто секуларен контекст, тој се одразува низ формите на ненасилен отпор спрема политичкото насилство и државниот терор (како колонијално поробување, ропство, аперхејд, воена окупација, институционален расизам или дискриминација, фашизам, нуклеарен потенцијал). Примерите на Махатма Ганди, Мартин Лутер Кинг и Нелсон Мендела покажуваат дека може да се смета како на реална опција.
- **Либерализмот** одрекува право на војна, затоа што смета дека е можно воспоставување на авторитет способен да го одржува мирот. Но, додека таков авторитет не биде воспоставен на глобално ниво, тој бара стриктно почитување на правилата на војување поради минимизирање на последиците од војната.

Традиционалната теорија на праведна војна има две димензии и тоа: jus ad bellum (општа правда во војувањето) и jus in bello (правда во војувањето во почетна фаза). Но, во поново време се воведува и трета димензија jus post belluma (правда во војувањето во завршна фаза)[28].Во првата димензија jus ad bellu (општа правда во војувањето) спаѓаат:

[28] Carsten Stahn and Jann Kleffner (eds.), Jus Post Bellum: Towards a Law of Transition From Cinflict to Peace, Cambridge: Cambridge University Press,2008. Gary J. Bass, “Jus Post Bellum”, Philosophy & Public Affairs, vol. 32, no.4, 2004.

- Праведна кауза (причина) – вообичаено како такви се вбројуваат самоодбраната или хуманитарната интервенција заради заштита на други лица од агресивни напади;

- Одлуката за започнување на војната мора да е донесена од легитимен политички орган и со јавна декларација. Според традиционалното сфаќање, само државите имаат право да војуваат, односно прогласувањето на војна мора да дојде од надлежните инстанци. Денес се смета дека надлежен орган е и Советот за безбедност на ООН, кога станува збор за колективна самоодбрана;

- Правична намера – забранети се војни заради одмазда, политичко или територијално освојување;

- Војната мора да биде преземена како крајно средство, по исцрпување на сите невоени алтернативи за решавање на проблемот, како преговори или санкции;

- Веројатност од успешен исход, чија идеја е дека војната е секако големо зло, а ќе биде уште поголема ако се презема во безнадежен случај, во кој гинењето на големи популации е неизбежно. Овој принцип е проблематизиран и со низа историски примери на мали нации кои се спротивставиле на големи сили (Виетнам во отпорот против американската окупација);

- Пропорционалноста – се однесува на прашањето дали вкупните страдања се пропорционални на постигнување на првичната цел (праведен мир).

Во втората димензија jus in bello (правда во војувањето во почетна фаза) спаѓаат следните принципи:

- Принципот на пропорционалност – употребените средства треба да се пропорционални на првичната воена цел. Одговорот на некоја сила не

смее да ги премине границите на она што е неопходно таа да се совлада. Со други зборови, самоодбраната не смее да премине во контранапад;

- Принцип на дискриминација – разликување на борците од цивилите,односно неповредување на оние кои не се учесници во воените операции, како и заштита на цивилни објекти. Овој принцип беше сериозно доведен во прашање со инвенцијата на нуклеарното оружје или оружје за масовно уништување, а денес е проблематичен во однос на масовно бомбардирање на цели (во Косово и Авганистан);

- Неупотребата на средства кои се сами по себе зло, т.е. забрана на принципот дека целта ги оправдува средствата. Тоа претпоставува забрана на масовни вонсудски егзекуции, геноцид или употреба на оружје чии ефекти не можат да се контролираат просторно или временски.

Додека во третата димензија jus post bellum (правда во војувањето во завршна фаза) спаѓаат следните принципи[29]:

- Правична причина за окончување на војната: разумно остварување на оние права чија повреда претставувала основа за започнување на праведниот воен одговор. Тука спаѓаат мерките, како: елиминирање на неправедните добивки на агресорот, на жртвите да им се даде задоволување, формално извинување, изрекување на разумни казни;

- Правична намера – забрана на одмаздувачки акции, а судењето за воени злосторства се врши без дискриминација, и за припадници на победничката и за припадниците на поразената страна;

- Јавна декларација за окончување на војната изречена од легитимен орган, кој ќе ги гарантира елементите на повоениот поредок;

[29] Brian D. Orend, “War”, Stanford Encyclopedia of Fhilosophy,2005 достапно на: http://plato.stanford.edu

- На Принципот на дискриминација значи дека во судењето за започнување на војната нужно се разликуваат политичките од воените лидери, како и на борците од цивилите;

- Пропорционалноста значи дека на поразените не им се одземаат сите права. Мерките на рехабилитација или репарации треба да се пропорционални со нанесената штета и да се разумни.

Во современите услови на глобализација, сфаќањето и примената на теоријата на праведна војна е под силно влијание на повеќе фактори. Авторите ја споменуваат најнапред забрзаната глобализација, која доведува до промени во начините на користење на воено насилство, на начините на воено организирање, како и на расположивото оружје. Останатите фактори се дел на глобализацијата или се засилени заради неа. Тука спаѓаат појавите како што се: опаѓање на државниот суверенитет, засилување на глобалното движење за човековите права, зголемувањето на недржавните актери кои имаат капацитет да војуваат, револуцијата во воените работи и др. Всушност, од крајот на Студената војна, меѓународното општество постојано се занимава со прашањето на легитимитетот на различните акти на војување, со таква реторика која имплицира уверување дека легитимната војна е само друго име за праведна војна. Со тоа се укажува на еквивалентност на легитимитетот и концептот на морал или правда, каде меѓународно – правните норми не се нужно оние кои треба да се почитуваат затоа што се резултат на еден несовршен меѓународен поредок.[30]

[30] Превземено од Ванковска Б., Меѓународна безбедност: критички пристап, Филозофски факултет, Скопје,2011, стр.74

## *2.2.Концептот на демократски војни*

Легитимацијата на употребата на сила заради хуманитарни цели е проследена со уште еден вид промоција на употребата на воени средства – заради ширење на демократијата. Паралелно со истакнувањето на тезата за демократски мир (демократиите не војуваат меѓу себе), почетокот на 21-от век стана сведок и на појавата на концептот на„демократски војни" или војни во име на демократијата. Во двата најмасовни и најголеми воени потфати – Авганистан и Ирак – главната парадигма е онаа за водење на демократска војна, која има за цел воспоставување на демократски поредок во овие земји, како гаранција за нивниот внатрешен и регионален мир и стабилност.

Равенката според која демократијата = мир, стана составен дел на надворешната политика на најразвиените демократии. Така, на пример, промоцијата на демократијата стана важен дел на Стратегијата на националната безбедност на САД од 2006 година. Проблемот не се состои во целта, туку во начинот на нејзиното остварување со насилни средства. Идејата за демократски мир, како своја дијалектичка втора страна (или„темна страна") го доби феноменот на „демократски војни".

Според одредени автори, токму ова е централното прашање на кое треба да се фокусира истражувачката агенда на современите меѓународни односи. Во оваа смисла, тие укажуваат на транзицијата од концепт на демократска војна.[31] Според нив, концептот на демократска војна доби релевантност во периодот по Студената војна, по глобалната "победа" на демократијата, кога и употребата на сила стана средство на либералниот демократски поредок. Во отсуство на вистински противник, западните демократии се оној клучен фактор кој ја обликува светската политика како никогаш порано, но и кој дава суштински придонес кон трансформацијата на војната далеку повеќе од недемократските режими: преку политиката на разорувањето и контрола на вооружувањето, начинот на војување

[31] A. Geis, L. Brock and H. Muller,"From Democratic Peace to Democratic War?", Journal of Social Justice,no.19,2006. Достапно на: http://web.uni-frankfurt.de/fb3/brock/mat/Geis_Brock_Mueller_Dark _Side_of_Dem_Peace_2006.pdf.

чуствителен на жртви и ризици, политика на здружување (алијанси, коалиции), дискурсот за вредносното оправдување на војната и интерпретацијата на меѓународното право[32].

### *2.3. Глобалната војна против тероризмот*

Синтагмата „глобална војна против тероризмот“ е проблематична. Но, и покрај тоа, во секојдневниот политички и безбедносен дискурс таа е најексплоатирана и најзастапена кога се сака да се одбележи најголемото зло и најсериозната безбедносна закана која го погодува целото човештво. Самата кованица има претежно политички карактер, а е далеку понеоснована кога се посматра низ научна призма. Всушност овој „концепт“ во себе ги вклучува елементите на анализа кои се релевантни за веќе анализираните концепти за самоодбрана превентивна и преемптивна војна. Се смета дека изразот „глобална војна против тероризмот“ е првенствено реторичко средство за оправдување на потребата на сила на глобален план.

Според одредени автори „глобалната војна против тероризмот“ во себе ги содржи сите контрадикторности на новите војни:[33]

- Неможност да се дефинира непријателот;
- Тешкотии во утврдување на критериумот за победа („концепт на бескрајна војна“);
- Неможност да се прецизира почетокот и крајот на војната, територијата на која таа се одвива и статусот на борците кои учествуваат во неа;

---

[32] Исто

[33] Francois – Bernard Huyghe, “Impuritu of War”, International Review of the Red Cross, vol.91, no.837 March 2009. Достапно на: Htttp://www.scribd.com/doc/18273222/the – Impuritu - of – War.

- Тешкотии во утврдување и разграничување на актите на војна (тероризам), заканите, преговори, и други слични категории кои се карактеристични за односите меѓу завојуваните страни;

### *2.4. Приватизација на безбедноста и иднината на војувањето*

Современата глобална сцена се одликува со две навидум спротивставени тенденции – интернационализација и приватизација на безбедноста. Во контекст на првата се чини дека безбедноста се повеќе станува прашање кое може да се дефинира и обезбеди наднационален план, не само затоа што го бараат тоа го бараат т.е. транснационални безбедносни закани, туку и затоа што во глобални рамки јакнат интегративните процеси, особено на планот на безбедноста. Но, истовремено, подеднаква релевантност добива и тенденцијата на приватизација на безбедноста. Таа претставува создавање на приватен пазар за нудење / набавување безбедносни услуги, па безбедносна станува стока / кое може да се добие во поголема или помала мерка зависно од финансиските можности на корисниците. И во двата контекста настанува нешто што ја поткопува филозофијата на државата и нејзината централна улога како обезбедувач на безбедноста. Наспроти класичната дефиниција на Макс Вебер за државата како политичка заедница, која располага со ексклузивен и легитимен монопол на употреба на сила, сега фокусот на моќта се поместува и на ниво кое ја надминува државата и на субдржавно ниво (со приватизацијата). Но, двете навидум спротивни тенденции имаа точка на поврзување - начинот на војување. Така, приватните воени и безбедносни компании се повеќе превземаат остварување на функции кои традиционално се сметаат за ексклузивни за државната воена организација. Во Ирак и Авганистан, но и во подрачја каде што се остваруваат хуманитарни и други мировни мисии на ООН (Косово,Дарфур), се ангажираат т.н. контрактори. Процесот на приватизација на безбедноста се покажува како еден од најпрофитабилните и најбргу

растечките индустрии, а интересно е што услугите на овие компании ги користат и државните и меѓународните структури, но и невладини, хуманитарни организации и мултинационални компании. Со други зборови, приватните безбедносни компании или недржавните безбедносни формации израснаа во еден од најзначајните актери на меѓународната безбедност.[34]

[34] Превземено од Ванковска Б., Меѓународна безбедност: критички пристап, Филозофски факултет, Скопје,2011, стр.95

## *3.* Реструктуирање на светскиот поредок во современите меѓународни односи

Во последната декада се појавија серија од различни погледи и сценарија за постоечкиот меѓународен поредок. Дилемата постои во однос на прашањето кој модел најдобро ја објаснува новата консталација на меѓународни односи. Дезинтеграцијата на биполарната структура остави неколку кризни области со недефинирани исцртани линии. Нерамнотежата создаде стратешка празнина па така дури и мало локално треперење може да создаде предвидливи глобални последици.

Комплексноста произлегува од различните типови и интензитет на транснационалните предизвици и закани кои што имаат влијание на улогата и активноста на меѓународните актери. Интензивирањето на некои прашања, како што се климатските промени, регулирање на глобалните финансиски пазари, миграцијата, дезинтеграцијата на државите, тероризмот, пролиферацијата на оружје за масовно уништување, дополнително ја искомплицира глобалната состојба на работите.

Покрај тоа, постои длабока дифузија на авторитет и моќ, што дополнително ја влошува глобалната состојба. Меѓународните проблеми се интензивираат со појавата на нови глобални елити, порастот на неефикасноста на меѓународните институции, постојаноста на регионалните блокови и недржавни актери.[35]

Серија на економски и политички процеси придонесоа за поголема дифузија т.е. појава на нови центри на политичка, економска и воена моќ. Глобализацискиот систем не само што резултираше со многубројни важни трендови кој што се појавија како бранови туку исто така го пополни вакумот кој што се создаде после крајот на Студената војна. Системот на Студената војна беше статичен систем со структура и поставени правила кои ги почитуваат супер силите. Многу ретко се случуваше некои од нив да преминат во сферата на влијание на другиот. Светот беше поделен на три сфери:

[35] Zendelovski G., Reconstructuring of the World Order in Contemporary International Relations, Security dialogues, Faculty of Philosophy, Skopje,2015, vol.6, no.2-1, p.376

комунистичка, капиталистичка и неврзаните, и секоја држава си имаше свое место во една од нив. Идеолошкиот конфликт постојано продуцираше тензии, анкциозност, и дури можност за заемна нуклеарна диструкција. Глобализацијата од друга страна е динамичен процес со постојан развој и забрзување, и со можност да предизвика интеграција во сите сфери. Секоја држава е инволвирана во некоја глобализациска мрежа. Овој систем има далеку покомплексна структура и е изграден врз основа на три баланси кој што меѓусебно се преклопуваат и влијаат еден на друг. Првиот е традиционалниот баланс помеѓу нациите – државите, вториот е помеѓу нациите – државите и глобалниот пазар, додека третиот се однесува на односите помеѓу нациите – државите и супер моќните групи и индивидуалци.[36] После падот на Берлинскиот ѕид, Источниот блок "исчезна" што ја наруши старата глобална рамнотежа во геополитичка и безбедносна структура. Во создадената стратешка празнина и во ситуација во која одреден број на држави станаа "црни дупки" а подоцна дури и кризни жаришта. Карл Шмид тврдеше дека Студената војна беше свет на пријатели и непријатели, додека светот на глобализацијата има тенденција да ги трансформира во натпреварувачи. Од друга страна според Волц *Биполарниот систем* две сили меѓусебно се урамнотежуваат со внатрешни средства, односно се потпираат на сопствените способности, што е многу посигурно од потпирање на способноста на сојузникот. Понатаму, воената меѓузависност на две сили е мала затоа што двете воено зависат главно од самите себе. Сојузите во биполарниот свет се сојузи помеѓу нееднакви, поради тоа во нив допринесот на помалите членови е посакуван но е релативно малку важен. Во биполарниот систем односите се едноставни: нема сомнеж кој на кого му претставува опасност, намалена е несигурноста, помала е веројатноста дека погрешно ќе се процени сопствената релативна сила отколку што ќе се промени силата и сигурноста на спротивставената коалиција. Конечно, вобиполарниот систем не постои периферија: со само две сили кој се способни за акција, се што ќе се случи било каде е потенцијална грижа за двете сили. [37]

---

[36] Zendelovski G., Reconstructuring of the World Order in Contemporary International Relations, Security dialogues, Faculty of Philosophy, Skopje,2015, vol.6, no.2-1, p.377

[37] Kenneth N. Waltz, Theory of International Politics ,op.cit.,p164-174,p

*Мултиполарниот систем* има многу помалку предности од биполарниот систем. Волц објаснува дека во него постојат премногу сили за да може да се повлече јасна и цврста линија помеѓу сојузниците и непријателите. Дека односите на пријателств и непријателство се флуидни и дека проценките на современите и идните односи на силите се несигурни. Воената меѓузависност е голема за да останат слаби последици од неизвршените обврски од страна на сојузниците. Понатаму, дифузијата на опасноста го слабее поттикот за внимателно и одговорно разгледување на сите промени кои ја реметат рамнотежата. Волц заклучува дека во мултиполарниот свет опасностите се дифузни, одговорностите се нејасни и дефинирањето на виталните интереси лесно станува нејасно.[38]

Според Волц *униполарниот* систем се појавува како најмалку трајна меѓународна конфигурација поради две причини:1) доминантната сила презема премногу задачи надвор од своите граници и на тој начин го ослабнува долгорочно. Империјалното паѓање првенствено е резултат на злоупотреба на моќта која нужно се појавува од нејзината концентрација;2) Дури и ако однесувањето на доминантната сила го прати ублажување, ограничување и воздржаност, послабите држави ќе се грижат поради нејзиното идно однесување па така некои ќе се обидат да ја зголемат својата сила или да се здружат со цел меѓународна дистрибуција на моќ да ја доведат во рамнотежа.[39]

За разлика од Студената војна кога непријателот беше познат, новата ера на глобализација носи несигурност поради стравот од брза трансформација на непријателот која што не може да се види и предвиди бидејќи може да се смени од една крајност во друга. Глобализацијата дава нееднакви шанси; поради тоа е изедначена со состојбата наречена “наутономија“. Таа се однесува на нееднаква производство и дистрибуција на животни шанси, каде што политичкото учество е нарушено или ограничено. Нееднаквата дистрибуција на моќ е продукт на економска и политичка глобализација и нејзините последици не се подеднакво дистрибуирани на

[38] Kenneth N. Waltz, Theory of International Politics, Addison-Wesley Publishing Company Reading Massachusetts, University of California,Berkeley,1979, op.cit.,p164-174

[39] .Исто стр.95

класите, нациите, родовите групи и регионите. Тоа влијае и на развиените и на неразвиените земји но сигурно полошо за земјите кој што се на дното на глобалната хиерархија и се најизложени на ефектите на глобалната нееднаквост.

Така моменталниот глобален поредок е далеку од состојбата на рамнотежа. Напротив влегува во фаза на системска транзиција која што може да продуцира хаос и безпоредок. Ефектите се разликуваат на макро и микро ниво. Повеќето од аргументите се во полза на макро ниво поради слободната трговија во која државите може да имаат различни удели (во зависност од нивниот капацитет и моќ) во глобалниот систем.

Глобализацијата доведе до радикални промени во меѓународните односи, како што се: намалување на државниот суверенитет, флексибилни економски и трговски правила, намалување на културната автономија и загрозување на националниот идентитет. Таа прикажува слика на свет во хаотична и неппредвидлива трансформација. Всушност, тоа е период на транзиција, без јасно дефинирани нови правила и норми. Според Валерстејн оваа долгорочна транзиција наликува на политичка борба помеѓу две страни: едната од нив се состои од оние кој што сакаат своите привилегии во постоечкиот систем на нееднаквост, додека другата се состои од оние кои што бараат раѓање на нов подемократски систем.[40]

Многу тешко да се поставаат прецизни критериуми за евалуација на одреден нов свет. Се уште стандардите за прогресивност, каде што економските индикатори се земаат во предвид кои што се стандарди за ефикасен развој и го растревожуваат капацитетот на силите на производството, потоа политичките индикатори, кои што покажуваат дали постои поголем прогрес во постигнувањето на човековите права и слободи и третиот индикатор е за тоа колку социјалниот систем овозможува потполно охрабрување на поголем степен на социо – економска еднаквост, т.е. придонесува за намалување на класните разлики, се тие кои овозможуваат одредена споредба. Засега нови правила на играта не се поставени, и поради тоа тешко е да се одговори на прашањето дали структурата на „стариот“ светски поредок може да биде

[40] Zendelovski G., Reconstructuring of the World Order in Contemporary International Relations, Security dialogues, Faculty of Philosophy, Skopje, 2015, vol.6, no.2-1, p.377-378

одобрен од поголем број на меѓународни учесници. Во моментов светот е некаде помеѓу стариот поредок базиран на суверени нации – држави и новиот поредок на светска заедница. Покрај тоа, меѓународните актери доста се разликуваат во поглед на нивната политика, економија, цивилизациските норми и тн. Таква асиметрија води до конфронтација или до вакуум кој што вклучува непредвидливост и вознемиреност на регионалната и глобалната рамнотежа. Степенот на несигурност е во пораст во регионите и државите кои што се на стратешките линии на поделеност.

### *3.1. Безбедносни импликации на новиот светски поредок*

Еволуцијата на новите глобални и регионални актери укажуваат на потребата од создавање нова парадигма на меѓународните односи кои што ќе ги намалат оние фактори кои создаваат нестабилност. Како што веќе кажавме глобализацијата ги зголеми тензиите во меѓународните односи и ги дислоцираше центрите на моќ, тоа создава можности за одредени држави и организации да имаат важна улога во новата меѓународна структура. Така, глобализацијата создаде услови за новите актери да се придружат на меѓународната сцена, и овозможи одредено израмнување на постоечките односи помеѓу државите. Глобалната политика е базирана на комплексни односи помеѓу голем број на актери со различна моќ и влијание. Актерите припаѓаат на неколку категории како што се: 1) Држави; 2)Транснационални корпорации, повеќето од високо развиените држави кој што држат 70 % од светската екномија; 3) Меѓународни владини и невладини организации. Исто така постојат голем број субјекти којшто употребуваат насилство против

државниот монопол на моќ (Ал каеда, Исламска држава, приватни воени компании, дилери на дрога, тријади и тн).[41]

Очигледно глобализацијата ја зголеми и улогата на Западот во глобалниот контекст и трансферираше одреден товар и одговорност врз незападните држави. Меѓународниот поредок никогаш не бил неутрален кој што може да се идентификува во доминантниот западен бренд„ made in USA “ но хегемонијата и постојаните воени интервенции бараат сериозни финансиски средства кој што ја ослабнуваат моменталната хегемонија. Индикаторите за оваа ситуација се однесуваат на нестабилност на националната валута; зголемување на воените трошоци, будење на авторитетот на светските финансиски институции; будење на моќта на влијание; организација и стабилизација на светската политичка сцена; зголемување на воените интервенции, судири и вооружени конфликти во светот.

Но, очигледно светот нема секогаш да ги носи боите на Западот. Иднината не им припаѓа само на некои привилигирани држави – нации или организации. Други актери може да наметнат други правила на играта која што се разликува од оние кој што ја етаблираат од Западот. Ова ја вклучува и групата БРИКС (Бразил, Русија, Индија, Кина, ЈАР), Јужна Кореја, Јапонија, Саудиска Арабија и ОАЕ.

Водечката позиција на Западот во глобалниот поредок стана дискутабилна. Тоа исто така донесе промени во лидерството и обележјата на други незападни држави. Засега, потенцијалните кандидати кои што можат да го обележат глобалниот поредок се Русија, Кина и Индија според таа претпоставка ова може да стане век на Азиската проминенција.[42]

Категоријата „ Запад“ може полека да избледне и првата позиција да ја заземат од категоријата „Останати земји“. Најверојатно „новите менаџери“ ќе создадат нови правила со цел да го зголемат своето влијание во реформирањето на меѓународните политики и финансиски институции. Реформите ќе зависат од интензитетот, растот, интересите и целите на „новите

[41] Zendelovski G., Reconstructuring of the World Order in Contemporary International Relations, Security dialogues, Faculty of Philosophy, Skopje, 2015, vol.6, no.2-1, p.379
[42] Zendelovski G., Reconstructuring of the World Order in Contemporary International Relations, Security dialogues, Faculty of Philosophy, Skopje, vol.6, 2015, no.2-1, p.379-380

сопственици“. Се очекува новото глобално лидерство да го придржуваат голем број меѓународни импликации, како што се:

- Промена на геополитичкиот и геоекономскиот пејсаж;
- Нови предизвици за државите, меѓународните и недржавните субјекти
- Зголемено чувство на несигурност.

Во изминатите години неколку кризи и настани предизвикаа радикални промени во геополитичките, безбедносните и економските односи, а тие се:

1. Терористичките напади на САД на 9/11 предизвикаа „воен поход“, и придонесоа за револуција на воената моќ во поглед на технолошките достигнувања и поголемо присуство на воена моќ во меѓународните случувања;
2. Глобалната финансиска криза од 2008 остави длабоки траги како што е зголемувањето на стапката на невработеност, губењето на имотите, задолжување на луѓето, претпријатијата, банките и на државите, генерална нестабилност на финансискиот сектор и зголемен ризик на нестабилност и нарушување на општеството;
3. Арапската пролет од 2011 година предизвика поширока регионална дестабилизација на Блискиот Исток и Северна Африка;
4. Кризата во Украина доби енормни димензии кога Русија го анексираше полуостровот Крим. За прв пат после Студената војна, поголема тензија се појави помеѓу големите сили (САД – Русија – ЕУ) што имаше тенденции на промоција на нивната политичка или воена моќ во овој дел од светот;
5. Терористичките активности на Исламската држава предизвикаа масовна миграција кон земјите од ЕУ. Тоа го зголеми ризикот од тензиите помеѓу засегнатите страни.

Најверојатно следната декада ќе биде обележана со многубројни турбуленции и трансформација на светскиот поредок. Во минатото постоеја „периферни кризи“ (за време на Првата светска војна) и кризи во центарот (за време на Студената војна). Денес светот се соочува со комплексни кризи кој се карактеризираат со политички, економски, социјални, безбедносни – воени елементи, чии што интензитет и проток лесно се дисперзираат. Секоја криза

во периферијата или во центарот има силно влијание врз стабилноста на светот.[43]

Неопходно е радикално редефинирање на меѓународните односи. Тоа претпоставува взаемната визија, ревитализација на безбедносните сојузи и глобални економски институции за доброто на сите учесници. Во тој контекст, министерот за надворешни работи на Русија, Сергеј Лавров му предложил на Генералното Собрание на ООН формирање на нов систем на колективна безбедност во Европа. Доколку моменталната Европска Безбедносна Архитектура придонесува кон униполарност ќе донесе сериозни безбедносни последици за светот. Меѓународните институции имаат главна улога во справување со безбедноснитепредизвици затоа што улогата со државите е драстично намалена.

Така сегашниот модел на меѓународниот систем треба да се редефинира и во овој поглед исто така, особено имајќи во предвид дека некои организации се стари 70 години. Реформите треба да го вклучат следното: 1) Реформи на ООН (Совет на безбедност), ММФ, СБ, СТО; 2) Експанзија и зајакнување на улогата на НАТО; 3) Градење на капацитетите на други регионални безбедносни организации;

4) Подобрување на односите помеѓу НАТО – ООН – ЕУ и 5) Проширување и пораст на активностите на групите Г-7

(учествува со околу 50 % во глобалната економија) и Г-20 (која претставува 85,2% од светскиот бруто домашен производ).[44]

---

[43] Исто стр.380-381

[44] Исто стр.380-381

### *3.2.Теорија за рамнотежа на силите и хегемонија*

Теоријата за рамнотежа на силите предвидува дека државите ќе се однесуваат на начин на кој што ќе резултира со формулирање на рамнотежа. Покрај балансирањето, Кенет разликува и придружување кон посилниот како начин на однесување на државите. Дали политичките актери меѓусебно се урамнотежуваат и се придружуваат кон појакиот, тоа според Волц зависи од структурите на системот.

Како илустрација за анализа и споредување на балансирањето и придружувањето кон посилниот како два начини на однесување на државите, Волц ги користи примерите на однесување на политичките партии кога ги бираат своите претседателски кандидати. "Кога ќе се приближи времето за номинации во партијата и уште никој не е утврден како најјак фаворит се натпреваруваат бројни потенцијални лидери. Некои од нив формираат коалиции со цел да го запрат набљудувањето на другите. Маневрирањето и балансирањето на потенцијалните лидери слична е на надворешното однесување на државите. Но, тоа е образец само за временскиот период без лидер. Кога некој ќе почне да се утврдува како победник, скоро сите му се придружуваат односно „скокаат на прикачен вагон". Придружување кон посилниот а не урамнотежување станува карактеристично однесување на државите во меѓународните односи".[45]

Дефанзивните неореалисти заклучуваат дека статус кво, т.е. дефанзивно ориентираните држави, се повеќе склони кон соработка од офанзивно настроените држави.

Офанзивните неореалисти ја отфрлаат Волцовата претпоставка за балансирање и одржување на позиција во системот, во корист на претпоставката на класичните реалисти за максимизирање на моќта и стремеж на државите кон хегемонија во системот како безбедносна мотивација на државите. Значи офанзивните неореалисти не ги

---

[45] Kenneth N. Waltz, Theory of International Politics, Addison-Wesley Publishing Company Reading Massachusetts, University of California,Berkeley,1979, op.cit.,p.126.

спротивставуваат моќта и безбедноста како мотиви на државите, туку ги спојуваат.

Џон Миршајмер го критикува Волц како водечки дефанзивен реалист, и објаснува дека државите главно имаат цел да опстанат, што е во суштина дефанзивна цел, но се принудени да размислуваат и понекогаш да делуваат офанзивно поради структурата на меѓународниот систем.

Водечкиот офанзивен неореалист Миршајмер објаснува дека причина за офанзивното однесување на државите е тоа што поседувањето на воени капацитети во однос на другите значи и поголема безбедност. Според Миршајмер, најдобро осигурување на опстанокот на државата е најголема воена сила во системот. Идеалот на државата според Миршајмер, е да се биде хегемон – единствено тогаш опстанокот е загарантиран. „Целта на државата во меѓународниот систем е што повеќе, максимално да ја зголеми својата моќ во однос на другите држави“.[46]

[46] Zaklina Novicic,”Neoralizam Keneta Volca”, Institut za megunarodnu politiku I privredu,Beograd,2009,str.118.

### *3.3. Концептите на моќ, безбедност и сила*

Во сфаќањето на концептот за моќ Волц распределбата на моќ ја концептуализира како системска карактеристика на меѓународната политика. Тој моќта ја сфаќа не како цел сама по себе туку како можно корисно средство на државите.

Многу класични реалисти сметаат дека моќта претставува цел на државите и дека таа желба за моќ е вкоренета во човечката природа. Желбата да се достигне максимална моќ е универзална, а сите држави постојано мораат да водат сметка за тоа да ја зголемат својата моќ во однос на други држави.[47] Според Моргентау, тврдењето дека желбата да се постигне максимална моќ е универзална меѓу државите претставува еден од „објективните закони кои имаат корен во човековата природа“.[48] Меѓутоа желбата за моќ вкоренета во човековата природа истовремено е и корен за конфликти и војни.

Анализирајќи ги теориските сфаќања на Ханс Моргентау, авторот Волц воочува дека една од причините за конфликти е настаната како резултат на натпреварот за добра, а нема никој да послужи како арбитар. Моргентау ја објаснува борбата за моќ без притоа да се повикува на злото вродено во човекот, затоа што борбата за моќ настанува поради тоа што сакаат одредени добра, а не нужно злото поради нивната желба. [49]

Слично размислување, Волц наоѓа и кај Хобс според кој постојат три причини за конфликти, а тоа се: конкуренција, недоверба и слава. Конкуренцијата води кон конфликти за добивка, недовербата води до конфликти за да се задржи она што е веќе стекнато, а славата води до конфликти за репутација. Според

---

[47] Hans J. Morgenthau, Politics Among Nation, op.cit.,p.208.
[48] Morgenthau, Scientific Man vs. Power Politics, University Of Chicago Press, Chicago, 1946, p.192.
[49] Kenneth N. Woltz, “Realist Thought and Neorealist Theory”, Journal of International affairs, Columbia University,New York,1990, vol.44.no.1.p.35

Хобс, дури кога некој поседува огромна моќ и кога таа моќ му е обезбедена, тој сепак сака уште поголема моќ.[50]

Волц тргнува од претпоставката дека безбедноста односно заштитата на опстанокот, а не моќта претставува мотив на државите во меѓународнта политика. Мотивот за опстанок Волц ја смета за основна акција во светот во кој безбедноста на државите не е осигурана, а не реалистичниот опис кој лежи позади секоја акција на државите. Тој додава дека „ целите на државата можат да бидат бескрајно различни, но опстанокот е предуслов за остварување на секоја цел која државата може да ја има, освен ако целта не е поттикнување на сопственото исчезнување како политички ентитет.[51]

Волц не ја смета моќта сама по себе, туку ја гледа како можно корисно средство на државите кои ризикуваат доколку имаат премалку или премногу моќ. Тој вели „слабоста може да привлечи напад, затоа што поголема сила би го одвратила непријателот од напад. Додека прекумерната сила може да ги сврти другите држави кон зголемување на своето наоружување. Моќта е корисно средство, а разумните државници се обидуваат да ја имаат во соодветна количина. Во пресудни ситуации, крајниот интерес на државите не е моќта туку безбедноста“.[52] Според наведеното Волц повторно го отвора прашањето за мерење на моќта, односно прашањето за „соодветна“ количина на  моќ. Волц мерењето на моќта не го смета за теориско туку за практично прашање, исто така се повикува на „здрав разум“ при рангирањето на големите сили. Тој се повикува на „разумот на државниците“ кои би требало практично да одредат која количина на моќ им е потребна на нивните држави.[53]

Поседувањето на моќ и употреба на сила вообичаено е поради очигледните историски корелации помеѓу силата и моќта. Волц се осврнува на идентификацијата која е посебно изразена во нуклеарниот свет. Имено, ставот според кој поседувањето на моќ се идентификува со употребата на сила, а

---

[50] Thomas Hobbes, Leviathan., извадено од  Kenneth N. Woltz, “Realist Thought and Neorealist Theory, op.cid.,p.35

[51] Kenneth N. Waltz, Theory of International Politics, Addison-Wesley Publishing Company Reading Massachusetts, University of California,Berkeley, 1979, op.cit. p.93

[52] Kenneth N. Woltz, “Realist Thought and Neorealist Theory”, Journal of International affairs, Columbia University,New York,1990, vol.44.no.1.op.cit.,p.34-35

[53] Zaklina Novicic “Neorealizam Keneta Volca”, institute za megunarodno politiku,Beograd,2009,str.100

корисноста на силата ја меша со нејзината употребливост, се наоѓа во основата на мислењата дека во нуклеарниот свет силата е обезвреднета односно дека и „најдобро оружје на најмоќните држави всушност е бескорисно, бидејќи нуклеарните сили своите огромни нуклеарни потенцијали не ги користат во реалноста“.[54]

Волц појаснува дека апсолутната моќ се изедначува со апсолутна немоќ, барем на највисокот ниво на силите, и ефективната еднаквост на државите се изведува од нивната нееднаквост. Воведувањето на такви „конфузии“ во анализата на моќта Волц ги споредува со тврдењето дека полицијата која ретко користи насилство е слаба полиција, или дека полицијата е јака само тогаш кога полицајците употребуваат оружје.

Волц силата ја смета за „средство за остварување на надворешните цели на државите затоа што не постои сигурен процес за смирување на судирот на интереси кои што неизбежно избива помеѓу сличните единици во состојба на анархија. Ако една држава користи сила, или се очекува да ја употреби, на другите држави не им преостанува ништо друго туку и самите да прибегнат кон употреба на сила или да се подготват за тоа“.[55] Тој објаснува дека во анархија помеѓу самостојните држави кои тежат кон афирмирање на сопствените интереси, а немаат никакви субјекти над нив кои имаат власт и способност да делуваат по сопствена иницијатива, постои постојана можност од избивање на војна. За државата да постигне позитивен исход во судир со другите, таа мора да се потпре на сопствената сила за чија ефикасност мора постојано да се води сметка.[56]

Постојаната можност за употреба на сила во меѓународната политика има и позитивно дејство. Имено, таа ги ограничува манипулациите, ги ублажува барањата и служи како поттик за решавање на споровите. Заканата со сила на меѓународен план, Волц ја споредува со улогата на штрајкот во преговорите помеѓу работниците и управата на компанијата каде што се покажува како можноста спорот да доведе до други и поскапи штрајкови ги

[54]Kenneth N. Waltz, Theory of International Politics, Addison-Wesley Publishing Company Reading Massachusetts, University of California,Berkeley,1979, op.cit.,pp.183 - 184

[55] Kenneth N. Waltz, Theory of International Politics, Addison-Wesley Publishing Company Reading Massachusetts, University of California,Berkeley,1979, op.cit., p.113-114

[56] Kenneth N. Waltz, “Man The State, and War: A Theoretical Analysis, Columbia University Press, New York,2001 op.cit.,pp.177-178”.

охрабрува двете страни да се соочат со тешките прашања, и да се обидат да ги сфатат меѓусебните проблеми и напорно да работат на наоѓање решение. Оттука постои можност судирите меѓу државите да доведат до други и поскапи војни во меѓународната политика.[57]

[57] Исто стр. 177-178

### *3.4. Видови на моќ во меѓународните односи*

#### *3.4.1.Тврда моќ*

Терминот тврда моќ опишува способност на националните или политичките институции да употребат воена сила или економски санкции со цел да влијаат на однесувањето на другите актери. Таа се потпира на големината на моќта и е промовирана од реалистичката школа во теоријата за меѓународните односи. Овој термин има долга историја. Често се споредува со терминот воен капацитет или државна моќ. Најочигледен пример на тврда моќ е воената интервенција, а такви примери има многу низ историјата меѓу кои се инвазијата на Авганистан од страна на СССР, инвазијата на Ирак од страна на САД и голем број други воени интервенции.

Според Џозеф Нај тврдата моќ претставува „способност да се употреби политиката на морков или стап во економијата или во воената сфера, поради што можеби ќе ги натерате другите да ве следат". Ернест Вилсон ја опишува тврдата моќ како способност за принуда „ентитетот да дејствува на начин на кој тој ентитет инаку не би дејствувал". Курт Камбел и Мајкл О`Ханлон ја дефинираат оваа моќ како „употреба на воена моќ, што значи распоредување на трупи, поморски средства, и прецизни оружја за да се осигура некоја витална национална цел".

Воената сила не е единствен вид на тврда моќ што го поседува една држава. Исто така економскиот притисок врз државите може да се употреби за постигнување на слична цел. Американските трговски ембарга на државите како Куба, Иран и Ирак претставуваат примери за тврда моќ.[58]

[58] Public diplomacy.wikia.com/wiki/hard_power.

### *3.4.2. Мека моќ*

Меката моќ е термин кој се употребува во теоријата на меѓународните односи за да ја опише способноста на политичките тела, како што е државата, за индиректно влијание врз однесувањето или интересите на други политички тела во културна или идеолошка смисла.

Терминот е прв пат употребен од Џозеф Нај, и од тогаш меката моќ навлезе во политичкиот дискурс како начин за разликување на суптилни ефекти врз културното влијание на однесувањето на другите од подиректните мерки за принуда, како што е воената акција или економската санкција.

Меката моќ е спротивна на тврдата моќ која во историјата беше доминантна. Таа претставува квалитативна проценка на степенот на кој нацијата (или индивидуата) перцепираат вредности или културни афинитети од друга страна. Авторот Нај тврди дека меката моќ има поголемо значење и способност да се убедуваат луѓето со аргументи. Таа исто така претставува способност за привлекување, а привлекувањето често значи согласување. Доколку однесувањето на некого е условено од видлива, но нематеријална привлечност – се работи за мека моќ. Меката моќ користи различни видови на методи, (а тоа не е сила или пари), да предизвика соработка. Употребува привлекување за делење на исти вредности. Успехот на меката моќ зависи од угледот на актерите во меѓународната заедница, како и од дотокот на информации помеѓу актерите. Така, меката моќ често се поврзува со глобализацијата и неолиберализмот. Популарната култура и медиумите се идентификувани како извори на мека моќ, како што е и ширењето на националниот јазик.

Една нација која што има голема количина на мека моќ и добра волја може лесно да ја наметне или шири својата култура на други, без притоа да употреби скапа тврда моќ[59].

### *3.4.3. Паметна моќ*

Паметната моќ е ефективна и ефикасна комбинација на тврда и мека моќ на начин на кој им помага на нациите да ги унапредат своите интернационални интереси.

Сузан Носел е прва која го разви концептот на паметна моќ. Иако паметната моќ може да биде применета од секоја земја, главно е термин кој се користи за анализирање на американската надворешна политика, кој што добива повеќе значење со американската доминација во светот. Инволвирањето на САД во Блискиот Исток ја покажа границата на употреба на нејзината тврда моќ, додека употребата на мека моќ како дипломатија беше маргинализирана. Оваа дилема ги присили САД да бара нови начини да ја употреби својата моќ на позитивен и ефективен начин и да ги пресретне заканите и ризиците. Концептот на паметна моќ укажува на тоа дека американската воена и економска моќ, како и културната и идеолошката привлечност што ја поседува, треба да се обединат во една единствена моќ[60].

---

[59] Public dipolomacy.wikia.com/wiki/soft_power.

[60] Public diplomacy.wikia.com/wikia/smart_power.

## 4.Колективните системи за безбедност и глобализацијата

### *4.1. Европската унија како глобален безбедносен актер*

Во декември 2003 година, ЕУ ја усвои „Европската безбедносна стратегија“, насловена како „Побезбедна Европа,во подобар свет“. Со донесувањето на оваа стратегија може да се каже дека во основа се постави рамката која треба да значи зголемување на ефикасноста на ЕУ во спроведувањето со новите закани и ризици, но исто така се смета дека таа е и почеток на зајакнувањето на основите за натамошниот развој на Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ и за надминување на размислувањата за ЕУ единствено како цивилна сила. Европската безбедносна стратегија несомнено претставува значаен чекор во развојот на Заедничката европска безбедносна и одбранбена политика (ЕБОП), но за нејзината пробивност ќе одлучува имплементацијата на зацртаните цели во самата стратегија. Врз основа на ова, ЕУ има развиено акциони планови за неколку чувствителни безбедносни области.

Но, она што ја прави Европската безбедносна стратегија поактуелна е констатацијата дека таа, конечно, претставува заеднички одговор на членките за проценување на актуелните безбедносни ризици и начините за справување со нив. Стратегијата во рамките на трите дела опфаќа:

- Анализа на актуелното безбедносно опкружување;
- Ги идентификува трите стратегиски цели на Унијата; и
- Ги опфаќа политичките импликации за ЕУ[61].

[61] Георгиева Л.,Менаџирање на ризици, Филозофски Факултет, Скопје,2006,стр.121

Значи, со Европската безбедносна стратегија, ЕУ воспоставува целосна рамка за својата безбедносна политика-првпат во нејзината историја. Европската безбедносна стратегија е алатка на акција. Амбицијата е Европа да стане поактивна, благодарение на појасната слика за заканите со кои Европа се соочува и за инструментите кои можат да се користат, што ќе резултира со поголема кохерентност во однос на воените и цивилните способности. ЕУ е единствената регионална организација со толку широк спектар на политички, дипломатски, хуманитарни, економски, финансиски, полициски и воени инструменти.

**Стратегиски цели**.Европската безбедносна стратегија се фокусира на три стратегиски цели кои треба да помогнат да се обезбеди безбедност на граѓаните на ЕУ и да промовира стабилност надвор од ЕУ, и тоа: справување со закани, градење на безбедносно подрачје околу Европа и зајакнување на меѓународниот систем.

Во основа, стратегиските цели претставени во Европската безбедносна стратегија не запираат тука. Тие продолжуваат, за да ги искажат последиците за политиката на ЕУ во практиката.Тие повикуваат на поактивна надворешна политика користејќи целосен спектрум од дипломатски, трговски и развојни инструменти, како и цивилен и воен кризен менаџмент. Тие со право ја нагласуваат важноста на соработката со стратегиските партнери, а во овој контекст посебно се споменуваат САД, Русија, Јапонија, Кина, Канада и Индија[62].

Додека НАТО се повеќе се фокусира на операции во Средниот Исток, Европската Унија ги превзема операциите на подрачјето на Европа. Желбите на членките на ЕУ е таа да стане „глобален актер“.

Европската Унија се ангажираше во повеќе мисии од воен и цивилен карактер. Општа е оценката дека Унијата паралелно со подобрување на своите

---

[62] http://www.eu2005.gov.uk/servlet/front?pagename=OpenMarket.

капацитети успешно се ангажира и на теренот при спроведување на своите мисии од воениот и цивилниот кризен менаџмент. Европската Унија денес превзема операции и мисии на три континенти и тоа Европа, Азија и Африка. Мисии кои моментално ги извршува ЕУ се: ALTEA – Босна и Херцеговина, EUAM- Ирак, EUAM- Украина, EUBAM- Молдавија и Украина, EUBAM- Рафах во Палестина, EUCAP- Сомалија, EUCAP- Сахел во Мали, EUCAP- Сахел во Нигер, EULEX- Косово, EUMM- Грузија, EUNAVFOR MED- Операција Софија за мигрански прашања, EUPOL COPPS- на палестински територии, EUTM- Централна Афричка Република, EUTM- Сомалија, EUTM- Мали.[63]

[63] https://eeas.europa.eu/topics/security-defence-crisis-response/430/military-and-civilian-missions-and-operations_en

## *4.2.НАТО како глобален актер*

НАТО е воено-политичка организација во која земјите-членки се стремат да ја зачуваат својата целосна сувереност и независност. Според тоа,нејзината суштинска цел е да ја заштити слободата и безбедноста на сите нејзини-членки со политички и со воени сретства, во согласност со принципите на Повелбата на ООН и со Договорот склучен меѓу нив. Во тој поглед, Североатланскиот договор претставува политичка рамка за еден меѓународен сојуз, моделиран да спречи или да одврати од агресија. Во таа насока, Договорот овозможува континуирана соработка и консултации наполитичко, на економско и на воено поле.

Оттука, реафирмајќи ја својата борба врз принципите на Обединетите нации, тие превземаат обврска да го штитат мирот и безбедноста и да придонесат да се зачуваат и да се одржат стабилноста и благосостојбата на земјите од североатланското подрачје,се со цел да се избегнат опасностите по меѓународниот мир, безбедност и правда.

Фундаменталниот принцип на Алијансата е заедничка заложба за меѓусебна соработка меѓу земјите-членки, заснована врз заемната поврзаност на нивната безбедност. Солидарноста и кохезијата во рамките на Алијансата обезбедуваат ниту една земја-членка да не биде принудена да се потпира врз сопствените национални напори во справувањето со основните безбедносни предизвици. Без да се ограничуваат земјите-членки од нивното право и од

должноста од обврските да ги заземат своите суверени дожности на полето на одбраната,Алијансата им овозможува да ги реализираат своите основни национални безбедносни цели преку колективен напор[64].

Фундаменталните безбедносни задачи на Алијансата се потенцирани во нејзиниот Стратешки концепт. Тој експлицитно ги изложува целите на Алијансата и обезбедува најдобри насоки за политичките и за воените сретства кои би требало да се искористат за постигнување на тие цели. Стратегискиот концепт останува основата за имплементација на политиката на Алијансата во целина. Сепак, светот во кој живееме брзо се менува, па така семенуваат и заканите и перцепциите за заканите, а тоа резултира со постојан процес на адаптацијана овој концепт,се со цел да се осигура дека политичката рамка, воените структури и воените способности потребни за справувањето со современите безбедносни предизвици, се во духот на времето.

Стратегискиот концепт,објавен во 1991 година, драматично се разликуваше од претходните документи, и по содржина и по форма. Тој ја задржа безбедноста на земјите-членки како фундаментална цел на НАТО, но ја комбинира со специфичната обврска да се работи во насока на подобрена и проширена безбедност за Европа во целина, преку партнерство и соработка сопоранешните противници. Понатаму, тој беше претставен како јавен документ, отворен за дискусија и коментари од парламентите, од експертите за безбедност, од новинарите и од пошироката јавност. Стратегискиот концепт беше ревидиран во 1999 година, обврзувајќи ги сојузниците не само на заедничката одбрана, туку и на мир и безбедност на пошироката Евроатланска област.

[64] NATO fANDBOOK, Oficce of informaiot and press NATO-Brussels-Belgium,2001,p.33

### *4.2.1.Новит мисии на НАТО*

Последните операции на НАТО се изведуваа во три географски реони, од Авганистан до Балканот и од Медитеранот до Дарфур. Сите овие операции говорат дека предизвиците со кои се соочува Алијансата бараат сеопфатен приод од меѓународната заедница вклучувајќи широк спектар на воени и цивилни инструменти, истовремено почитувајќи го мандатот и автономијата во донесувањето на одлуките на сите актери. Овие нови мисии на НАТО се однесуваат на операции за одговор на кризи и поддршка на мирот, помош во случај на природни катастрофи и борба против тероризмот и имаат регионален или глобален карактер.

*Операции за одговор на кризи на глобално ниво*

Еден од важните аспекти на трансформацијата на НАТО е подготвеноста да учествува во операции за поддршка на мирот и операции за одговор на кризи во Евроатланската област и пошироко. Во 1992 година, првпат во својата историја, НАТО се вклучи во операциите за чување на мирот и примена на санкциите во војната во поранешна Југославија, во согласност со резолуциите на Советот за безбедност на ООН. Со овие активности за чување на мирот, НАТО започна со воени операции од нов тип. Традиционално, Алијансата се препознаваше како колективна одбранбена организација чија главна цел е заштита на територијалниот интегритет на своите земји-членки од надворешни закани. Членот 5 е основа на Северноатланската договорна организација и гласи: „Страните се согласија дека вооружен напад на една земја или на повеќе земји ќе се смета за напад на сите држави-членки.“[65]

[65] Гоцевски Т., Унификација на системите во услови на глобализација,Филозофски факултет, 2008,стр.279-280

Растечките барања за оперативно вклучување на НАТО, по прелевањето на војната од Хрватска во Босна и Херцеговина во пролетта 1992 година, се темелеа на барањата на Советот за безбедност на ООН, кој сметаше дека НАТО е единствена организација со воени капацитети способни да одговорат на потребите за ваков вид операција.

Поради тоа, за релативно краток временски период, ресурсите на НАТО и неговите капацитети, беа ставени на располагање за извршување операции за чување на мирот и операции за принуда кон мир.

Алијансата почна нов тип операции, што дотогаш не беа познати. Балканот беше погодно место каде што Алијансата можеше да го тестира овој нов тип операции.

Меѓу нив се: Операцијата во Босна и Херцеговина; Интервенцијата на НАТО за време на Косовската криза,;Ангажманот на НАТО во СРЈ; Кризниот менаџмент во Република Македонија. Исто така постконфликтното градење на мирот во Авганистан.

Денес НАТО е единствена воено-политичка организација што е во можност да им гарантира одбрана и безбедност на своите членки. Дали НАТО може и сака да гарантира безбедност и за другите држави од Евроатланската област, и пошироко на глобален план, е дискутабилно прашање. Меѓутоа, Алијансата, и во догледно време ќе биде, неодминлив актер во новата евроатланска безбедносна архитектура.

Има многу дискусии за тоа како ќе изгледа,,новиот НАТО“ или, поинаку речено, за „новите мисии“ на Алијансата, идеја презентирана од САД, но се уште не е доволно јасно дефинирана. Проектот ја има својата генеза во фактот дека Советскиот Сојуз се дезинтегрира, а Варшавскиот пакт се распушти и, со самото тоа, исчезна поранешниот непријател на НАТО. Можеме да заклучиме дека НАТО ја исполни својата задача. Ниту една од земјите-членки на Алијансата се уште не е подготвена да се откаже од врските со САД и со Канада

во одржување на својата безбедност, но, сепак, тие се уште не се согласуваат околу одговорот на прашањето „кои треба да бидат идните задачи на Алијансата?“. Одговорот на ова прашање бара сеопфатна анализа на меѓународните односи во годините што доаѓаат. Во прилог на наведената констатација, може да се наведат неколку елементи.[66]

Прво, можеме да констатираме дека центрите на моќ се променети. Кина веќе се смета како светска сила, Индија ќе биде следната, а тука не заостанува ниту Бразил. Русија, со нејзината огромна пространост, со нејзините енергетски ресурси и со поседувањето на нуклеарно оружје, повторно се враќа на меѓународната сцена како светска супер сила. Јапонија, исто така, ќе остане светска економска и финансиска сила. Останува отворено прашањето за Европската унија, дали таа ќе прерасне во суперсила или не, но, со понатамошната политичка и институционална консолидација, најмалку што може да се очекува од ЕУ е дека таа полека ќе се развива во една економска и финансиска сила. Различните визии за иднината на светот, на овие неколку големи сили и суперсили, ги присилуваат Европејците и Американците да заклучат дека Атланската алијанса и блиските врски што ги обезбедува таа меѓу Западна Европа и Северна Америка мора да бидат зачувани. Сепак, овој заклучок е се уште далеку од обезбедувањето на соодветна дефиниција за идните задачи и за улогата на Алијансата.

Второ, проблемите со кои мора да се соочуваат овие сили, исто така се променија. Поседувањето и пролиферацијата на оружјето за масовно уништување претставува голем проблем. Светот повеќе не е дефиниран од петте традиционални нуклеарни сили – САД, Русија, Кина, Велика Британија и Франција – секоја од нив, со ексклузивно право на вето во Советот на безбедност на ООН. Сега постојат и други земји со нуклеарно оружје а тоа се: Индија, Пакистан, Северна Кореја и Израел. Иран е на патот да развие нуклеарно оружје, а постојат и многу други држави за кои постои сомневање

[66] Исто, стр.353

дека настојуваат да изградат нуклеарни потенцијали. Меѓутоа, ако пролиферацијата на нуклеарното и на другите оружја за масовно уништување претставува растечки предизвик, тогаш мора да се каже дека и нуклеарните држави, што го потпишаа Договорот за неширење на нуклеарното оружје, не се придржуваат кон своите обврски. Тие не претставуваат добар пример во светот, односно, не прават ниту елементарни чекори за нуклеарно разоружување. Наместо тоа, тие ги модернизираат своите нуклеарни капацитети. Според Хелмут Шмит, „интересот на Алијансата треба да биде насочен кон превземање енергични напори за понатамошна редукција на нуклеарното оружје, а не само продолжување на борбата против неговата пролиферација во другите делови од светот“[67].

Трето, освен пролиферацијата на оружјето за масовно уништување, постојат и други закани за светскиот мир со кои ќе се соочуваме во новиот век, вклучувајќи ги етничките и религиозните ривалства, екстремниот национализам и тероризам. А сето тоа ќе биде „зачинето“ со комбинација од следните околности: глобализиран финансиски и пазар на стоки, широк технолошки прогрес, особено во вселенската технологија, и демографската експлозија во многу делови од светот.

Оттука, според Вилијам Рот, главните задачи на НАТО (внатрешни и надворешни) треба да бидат колективната одбрана, односно глобалната безбедност, која мора да остане основна мисија на НАТО. Освен тоа, НАТО земјите мора да се фокусираат на зголеменото политичко влијание и на подобрувањето на ресурсите за ненајдените надворешни мисии,( надвор од членот 5), за да се одговори на предизвикот од тероризмот и за обезбедување опции за справување со опасностите што се појавуваат надвор од границите на НАТО. И, на крајот, сојузниците треба да покажат дека нема разлика меѓу

[67] Schmidt H., the Transatlantic Alliance in the 21st , NATO rewiew, NATO Oficce of information and press,Brussels,1999,p.21

есенцијалните политички и воени аспекти на внатрешните задачи и надворешните мисии на НАТО[68].

Според Иво Далдир, теоретски гледано, НАТО може да има три главни задачи, и тоа:

**а)** обезбедување колективна одбрана за неговите членки;

**б)** одбрана на заедничките глобални интереси; и

**в)** проширување на безбедноста и на стабилноста на цела Европа, но и пошироко[69].

Присутна е тенденција иднината на многу процеси да зависи од однесувањето на помоќните држави и единствената суперсила, САД, што, само по себе, и може да претставува своевидна закана. Во таа смисла, однесувањето на САД ќе има значајна улога за иднината на НАТО, па за иднината на ЕУ, односно интензитетот на нејзиното поврзување, проширување и конституирање како единствен политичко-воен фактор.

[68] Roth W.V.,NATO in 21$^{st}$ sentury, North Atlantic assembly report,1998,p.2
[69] Dalder H.I., NATO at 50:The Summit & Beyond, the Brookings Institution, Washington D.C.2000

### *4.3. Улогата на ООН во зачувување на мирот и стабилноста*

За разлика од 2016 година, беше бурна година за мировните операции, како на терен така и во седиштето на организациите особено во ООН. Падот на бројот на персонал ангажиран во мировни операции, кој што започна во2012 година соповлекувањето на ISAF, продолжи во 2017 година. Конечниот број на персонал ангажиран на терен, падна за 4,5% во 2017 година и изнесуваше 145 911. Иако учеството на персонал на операциите на ООН растеше пред 2016 година, и тоа падна во 2017 година за 7,6%, додека бројот на персонал на операции кои не се водени од ООН се зголеми за 2,3% и изнесуваше 47 557.[70]

Во 2017 година имаше 63 активни мултилатерални мировни операции, една повеќе од 2016 година. Три мировни операции на ООН беа завршени:

Операцијата на ООН во Брегот на Слоновата Коска (UNOCI), мисијата на ООН во Колумбија (UNMC), и мисијата на ООН за стабилизација во Хаити (MINUSTAH). Потоа две беа заменети со помали и тоа: Мисијата на ООН за верификација во Колумбија (UNVMC) и мисијата на ООН за правда и поддршка во Хаити (MINUJUSTH). Само една мисија која не ја водат ООН беше завршена во 2017 година и тоа мисијата за регионална асистенција на на Соломон островите (RAMSI) – додека пак 3 нови мисии кои не ги води ООН беа започнати: Економска заедница на Западнао Африкански држави (ECOWAS), мисијата во Гамбија (ECOMIG), мисијата на Европската Унија за советување и соработка во реформите, Безбедносниот сектор во Ирак (EUAM Iraq), и Јужно африканската заедница за развој (SADC), Превентивна мисија во Кралството Лесото (SAPMIL).

Иако ООН остануваат главен актер во мировните операции, двете операции кои не се водени од ООН туку од Африканските регионални економски заедници покажуваат како африканските актери ја зголемуваат својата улога во мировните операции.

[70] https://www.sipri.org/sites/default/files/SIPRIYB18c03_1.pdf

Реформата за чување на мирот, вклучувајќи го и извештајот на ООН високо независен Панел за мировните операции, продолжи да се разгледува на Генералното Собрание на ООН и во Советот за безбедност. Од време на време, дискусијата беше занемарена од две други и тоа: за поголемата небезбедност на ангажираниот персонал во ООН мировните операции, и напорите на администрацијата на претседателот на САД Доналд Трамп да се намали буџетот на ООН за одржување на мирот. [71]

Во 2017 година мировните операции на ООН, како што се африканските мировни операции, веќе не можеа да се сигурни во однос на предвидливост и сигурност на финансирањето. Кратењата на буџетот од администрацијата на Трамп, значеше дека ООН треба да ја променат стратегијата за многу операции. Еден број на земји кои учествуваат во финансирањето се надеваа дека овие кратења ќе бидат прагматични за да се зајакне реформата за одржување на мирот. Сепак, ефектот од „тактиката на сечење на буџетот“ во некои операции, како MONUSCO и на многу други значителни повлекувања на средства во други операции, како во Африканската Унија/ хибридната операција на ООН во Дарфур (UNAMID), може да ги доведат мировниците во поголем ризик и да го направат населението поранливо. Ако е така, се поставува прашањето, дали е реално да се очекува од ООН да направи повеќе со помалку, и дали вреди да се ризикува?

[71] https://www.sipri.org/sites/default/files/SIPRIYB18c03_1.pdf

## 5.Распространетоста на воената сила во услови на современата глобализација

Процесите на глобализацијата го добија приматот во регулирање на светските случувања. Контраверзите и ривалствата од времето на Студената војна, оставија антагонизми кој водеа кон редица војни и конфликти насекаде во светот. Периодите исполнети со осцилации на мир и војна укажаа дека на процесите на глобализацијата и војната како општествена појава, не треба да се гледа како на посебно издвоени прашања. Двојните стандарди што ги промовира глобализацијата, оставаат можност за појава на нови конфронтирања помеѓу „силата ", „правата " и „интересите" на државите и на меѓународните организации, со помали изгледи за пронаоѓање на заедничко мирољубиво решение помеѓу актерите.

Периодот на пост-Студената војна не ја донесе посакуваната стабилност и мир, напротив, доведе до пораст на глобалниот милитаризам, на редица вооружени конфликти и граѓански војни и експанзија на воениот интервенционализам под закрилата на ООН, НАТО и развиените западни земји. Така, 90 тите години на минатиот век беа исполнети со засилена улога на вооружените сили,кој дадоа нов печат на времето кое доаѓаше, почнувајќи со Првата заливска војна, судирите на Балканот и Блискиот исток, па се до војните на Авганистан, Ирак, Либија, Украина, Сирија, Јемен. Овие настани промовираа една „нова" глобализација базирана на воени примеси. За разлика останатите познати аспекти на глобализацијата, воената глобализација претставува нов сегмент. За многумина, воената компонента во 21 век ќе биде се повеќе изразена и истата ќе ги забрза или забави процесите на промени[72].

---

[72] Зенделовски Г., Нацев З., Глобализацијата мирот и безбедноста, Филозофски Факултет,Скопје,2014, стр.234.

Воената глобализација се одликува со глобална трговија со оружје, пролиферација на оружје на масовно уништување, порастот и значењето на транснационалните воени коорпорации,појава на транснационалниот тероризам и дискурсот на глобалната небезбедност. Овие компоненти укажуваат дека се создава нов глобален воен поредок со што и моделот на воената глобализација ќе биде главно вон контрола и дофат на националните државни заедници и наднационални механизми за контрола[73]. Тоа значи дека глобализираната воена сила и моќ ќе ја преземат улогата на промотор на современата репресивна глобализација, бидејќи постепено, но видливо, доаѓа до глобализација на воената сила и проширување на воените организации од регионален и глобален карактер. Во тој контекст, односно меѓу глобализацијата и војната, ќе го разгледуваме низ неколку аспекти, кои се потенцијална опасност за светскиот мир и безбедност, тие се :

- Причините за војна низ призма на ефектите на глобализацијата;

- Натпревар во вооружување, односно појава на глобализирана милитаризација;

- Геополитички импликации и поделба на светот во „зони на мир" и „зони на војна".

Едно од суштинските прашања во овој дел е на кој начин процесите на глобализацијата индуцираат војни или причини за војни и како тие стануваат глобализирани?

Иако навидум се работи за едноставно прашање, сепак, потрагата по попрецизни одговори е навистина комплицирана. Имено, големите разлики во економската развиеност, сфаќањата за демократијата, човековите права и слободи и културата, укажуваат дека е невозможно да се унифицираа земјите и народите, без притоа да се наруши глобалниот мир и стабилност. Економските аспекти на глобализацијата, кои и се и најизразени во однос на

[73] Мекгру Е., „Глобализацијата и светската политика",во:Глобализацијата во светската политика,Вовед во меѓународните односи,(превод),2009,14-33.

другите, доведоа до рапидно богатење на помал број земји и народи од северната хемисфера и „глобализирана сиромаштија“ во повеќето земји од светот. Јазот меѓу богатите и сиромашните доведе до социјална поларизација, глобална дезинтеграција и интернационализација на невработеноста[74]. Поради тоа, причините на војна во услови на современа глобализација можат да бидат од различна природа, помногубројни се и поизразени од минатото и да варираат од миграција, еколошка деградација на животната средина, етно национализам, па се до социјални разлики, економската нееднаквост и др. Во една таква комплексност, на глобализацијата се гледа како на„пироман“во држави и кај оние народи кои не сакат да се адаптираат и не се подготвени за модернизација, за информациска ера, неолиберализам и слободна трговија. Оттука, постојат видувања дека глобализацијата го прави светот да изгледа нестабилно, неизвесно и опасно место за живеење.

Процесите на глобализација го забрзаа темпото на воениот напредок. Но, покрај тоа, појавата на асиметрични и други невоени закани и опасности ги мултиплицираа воено- безбедносните проблеми, а стравот од нив доведе до тоа некои земји да превземат превентивни војни во оние држави кои сеуште ги немаат прифатено западните вредности. На тој начин, наместо да се редуцираат заканите и опасностите дојде до воспоставување на „нов светски воен безпоредок“.

За Катерина Одора „глобализацијата претставува нова фаза на војната која никогаш не завршува“, односно посочува на глобализацијата како форма на „војна со низок интензитет“. Нејзините ставови се однесуваат на тоа дека глобализацијата преку економските структурни програми ја регулира состојбата на сиромашните и за задолжени земји и овозможува тие да бидат т.н. жртви на глобализацијата и терен за војна со низок интензитет[75]. Во сличен контекст Стенли Хофман потенцира дека војните во последните две декади се

[74] Chossudovsky M.,The Globalization of Poverty and the new world order,Global Research,Center for research on globalization,2003.
[75] Odora C.,„In the seas with the Sharks:experiencing Globalization-An African pespctive“in:Utner B.,And Garbo G.,Globalization on Whose terms?, Report No.5,University of Oslo,1999,234-260.

должат на судирот помеѓу фрагментацијата на државите, (распад на државниот систем ) и прогресот на економската, културната и политичката интеграција т.е. на главните аспекти на глобализацијата[76]. Можноста од појавата на планетарен воен интервенционизам се зголемува што повеќе оди кон опасноста од трајна милитаризација и хаотизација на меѓународните односи, отколку кон траен мир[77]. Последиците од таквите „воени авантури“, без поставување лимити или ограничувања на просторот, можат да индуцираат нови форми на ривалство помеѓу нациите, државите и регионите. Многумина ги препознаваат меѓународните организации, како механизам за одбрана на процесите на глобализацијата на територии и во земји чии вредности се спротивни на западните[78]. Тие сметаат, дека овие организации се иструмент на сила и претставуваат симбол на (WEST)западот, притоа во изминативе две децении својата сила ја демонстрираа во земјите од (REST)останати. Западните земји многу почесто се вклучени во војни и конфликти отколку земјите во развој или неразвиените земји чии што ангажманво мултинационалните структури се спроведуваше низ геслото „ако не сте со нас, тогаш сте против нас“.

Покрај тоа западните земји се почесто се селективни во изборот во која војна или конфликт ќесе вклучат. Загрижувачки е тоа што приоритетна цел се оние земји кои располагаат со енергетски потенцијал, каде постојат услови за отвореност кон западните пазари и полесен пристап на транснационалнитекоорпорации до капацитетите на овие земји. На пример, високо индустријализираните земји и нивните коалиции воопшто не влегоа во Руанда, во Босна тоа го направија задоцнето,додека многу брзо интервенираа на Косово, а бавно дејствувале и во Дарфур.

[76] Hoffman S., Klash of Globalization, foreign a fairs Vol.81 No.4.,2002.
[77] Стојановиќ С., Глобализација и безбедносне перспективе света,Воено издавачки завод,Београд,2009,стр.190.
[78] Vukadinovic R., Medunarodni odnosi od Hladnog rata do globalnog poretka,Agencija za komercijalnu delatnost,Zagreb,2001,str.350.

Интересно е дека во отсуство на надворешен непријател, голем проблем на вооружените сили ќе претставува да ја пронајдат својата нова улога, сообразно на околностите и промените.

Дојч и Сингер сметаат дека како што системот се движи од биполарен кон мултиполарен треба да се очекува намалување на појавата од војни, затоа што блоковскиот систем ја ограничува слободата на државите во поглед на партиципацијата во сојузи или организации со други актери на светскиот систем[79]. Покрај тоа вооружените сили денес имаат нови задачи во склоп со глобалните превирања. Нивната најважна мисија ќе биде осигурување и воспоставување на цивилен- демократски отштествен поредок на туѓи територии. Односно, вооружените сили ќе го бранат слободниот демократски и светско граѓански (космополитски), поредок на тлото на други држави. Во глобализациска смисла, овие сили со транснационален карактер ќе немаат национална лојалност, туку ќе бидат мултинационални организирани, нешто како „космополитска армија", а кодексот за одбрана на човековите права ќе биде нивна основна и трајна мисија[80].

Ова не е толку лоша идеја доколку преовладува солидарноста на човекот каде било во светот и доколку има хуманитарен и морален карактер, без разлика дали се оддалечени илјадници километри и нивниот идентитет ни е непознат. Но сепак, во крајна линија, во модерното време улогата на воената сила и моќ ќе биде подредена или во функција на економската глобализација и на информатичко-технолошкиот напредок, иако при самиот почеток на 21 век воено репресивната димензија на глобализацијата беше изразена преку разни интервенции, превентивни војни, хуманитарни и мировни операции и антитерористички ангажмани. Притоа, на некој начин се потврдува дека  современата глобализација нема механизам за спречување на војни и вооружени конфликти кој од крајот на Студената војна, секоја година ги има во просек околу 30[81]. Причината е во тоа што глобализацијата не може да ги нивелира разликите во светот, поради разнобразност на земјите

[79] Deutsch K.W. and Singer J.D.,Multipolar Power Systems and International Stability,World politics,1964,p.390.
[80] Beck U.,Moc protiv moci udoba globalizacije:Nova svjetskopoliticka ekonomija,Zagreb,2004,str.109.
[81] Vukadinovic R., medunarodni odnosi od Hladnog Rata do globalnog poretka,Zagreb,2001,str.397.

и народите, кои имаат сопствени и специфични модели и кои во многу нешта се спротивставуваат еден на друг. Затоа судирот меѓу спротивставените геополитики, различните амбиции, стратегии, идеологи и иинтереси кои се стремат за нови територијални походи, а кои беа очигледни во војните Персиски залив, војните на Балканот, Блискоисточниот конфликт и други, ја разградија глобализациската тенденција за хармонизиран развој на целата планета[82].

[82] Недјалкова А.,Бауман З. и Филипов Д., Глобализам регионализам и антиглобализам,Софија,2005,стр.132.

### *5.1.Глобализацијата и милитаризацијата*

Терористичките напади на САД во 2001 година придонесоа траекторијата на воената индустрија да оди по нагорна линија. Притоа, воените организации имаа потреба и интерес да ја преформулираат својата големина, буџет, поддршката и престижот. Овие промени беа тригер за фаворизирање на воената продажба, (како еден вид трговија), која придонесе за намалување на степенот на глобалната безбедност, а зголемување на бројот на вооружени конфликти и појава на превентивни војни.[83]Присутната неизвесност од мултиплицираните закани се гледа како причина и потреба за зголемување на националните воени капацитети. Од друга страна, бидејќи бенефициите од глобализацијата беа наменети за мал број на земји, кај останатите, таа нееднаквост беше причина за фрустрација, која беше „лечена“ со зголемено издвојување на финансиски средства за воена технологија и опрема. Причините за ваквите светски процеси незадоволните ги препознаа во глобализацијата, која за нив претставуваше закана за мирот и стабилноста.

Глобализациските процеси доведоа до забрзана индустријализација и модернизација, го промовираат западното влијание како производите и глобални дистрибутери на воена моќ, но и како центри на воена сила. Со помош на воената димензија овие земји успееја да ги „канибализираат“,односно да ги милитаризираат меѓународните односи. Познатата изрека на Мао Це Тунг дека „политичката моќ доаѓа од цевката на пушката“, денес, во услови на глобализација тоа не е само политичката моќ, туку и економската и културната моќ, кои се стекнуваат со помош на воените средства. Оттука, глобализацијата не најави крај на милитаризацијата, туку, период на ремилитаризација, при што на државите и на меѓународните воени организации им даде до сега невидена разорна воена моќ и софистицираност,кој се манифестираат преку сателитите, контролата на

[83] Feffer J., Globalization & militarization, Foreign policy in focus, Vol.7 No.1,2002.

банкарските сметки, хакерството, роботиката и микро -технологиите, безпилотните летала и интерконтиненталните ракети.

Во изминатиот две децениски период постоеше западна проминенција во воената сфера која го формираше врвот на воената хиерархија. Очигледно е дека постои нова трка во вооружување, која е наметната од западните земји, бидејќи во изминатава деценија, постои тред на зголемување на трошоците за одбрана. Притоа, најголеми се извојувањата на САД.

Табела бр.2[84] Приказ на трошоците за одбрана за период од 2005 до 2015 година (на САД, Кина, Русија, Обединето Кралство и Франција)

| **Година** | **2005** | **2006** | **2007** | **2008** | **2009** | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** | **2014** | **2015** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **САД** | 618 | 628 | 644 | 692 | 747 | 768 | 758 | 715 | 659 | 618 | 603 |
| **Кина** | 76 | 88 | 99 | 108 | 131 | 138 | 149 | 161 | 176 | 191 | 204 |
| **Русија** | 30 | 33 | 36 | 40 | 42 | 43 | 46 | 53 | 55 | 59 | 64 |
| **Обединето Кралство** | 52 | 53 | 54 | 57 | 58 | 57 | 54 | 52 | 50 | 48 | 47 |
| **Франција** | 53 | 53 | 54 | 53 | 57 | 54 | 53 | 52 | 52 | 53 | 54 |

Според Институтот за истражувања на меѓународниот мир од Стокхолм,(SIPRI), лидерството му припаѓа на САД. Според податоците за 2015година САД има 39% од вкупната воена потрошувачка, после нив следи Кина со 9,5%, потоа Русија со 5,2%, Велика Британија има потрошувачка од

[84] Data for all countries from 1988-2017 in constant (2016),Stockholm International Peace Research Institute,достапно на:http://www.sipri.org/databases/milex.pdf

3,5%, а Јапонија 3,4%. Следните 10 земји по нив од вкупната воена потрошувачка имаат 21,2% а остатокот од светот 18,2%.

Трошоците за одбрана на Кина за 2019 година ќе пораснат за 7.5 % во однос на 2018 година, според извештај на нивниот парламент, тоа е помал процент во однос на минатата година, но сепак тој процент го надминува оној на економскиот раст. Цифрата за воени трошоци која изнесува 177.49 милијарди долари е разгледувана во светот како индиција за конеските стратешки капацитети, вклучувајќи ги невидливите борци, носачите на авиони и анти-сателитските проектили.

Минатата година, трошоците за одбрана беа зголемени за 8,1 %, споредено со 7 % покачување во 2017 година и 7,6 % во 2016 година. Трошоците за одбрана на Кина се рангирани на второ место во светот веднаш после САД. За споредба, Претседателот на САД Доналд Трамп имаше во план да побара 750 милијарди долари од Конгресот за трошоците за одбрана на САД за 2019 година. Но, дипломати и воени експерти велат дека бројките за трошоците за одбрана на Кина најверојатно не се вистински трошоци за Народната Ослободителна Армија, како најголема воена сила во светот.[85]

[85] Martina M., Blanchard B., Rise in China`s defense budget to outpace economic growth target, достапно на: https://www.reuters.com/article/us-china-parlament-defence-rise-in-chinas-defense-budget-to-outpace-economic-growth-target-idUSKCN1QM03Y

Слика бр.1[86] Споредба на воената потрошувачка на САД, Кина, Велика Британија,Русија, Јапонија и остатокот од светот за 2012 година.




Покрај тоа, од водечките 100 компании во светот за производство на оружје, дури 78 потекнуваат од САД (45) и Западна Европа (33) т.е. потекнуваат од најдемократските земји во светот на кои отпаѓа 91.7% од вкупната трговија со

[86] Global Distribution of Military Expenditure in 2012,SIPRI Military Database 2013,достапно на: http://milexdata.sipri.org.

оружје. Парадоксално е што ниту една од овие 100 компании не потекнува од Латинска Америка или Африка.

Значи, како што се глобализира светската трговија преку слободниот пристап до пазарите, така се глобализира и тргувањето со вооружувањето и опремата. Најголем удел во тоа имаат високоразвиените земји кои се поддржувачи на процесите на глобализацијата и често се појавуваат на глобалниот пазар како понудувачи или извозници на оружје.На спротивната страна се земјите од Третиот свет, претежно зависни од високо технолошките воени иновации на развиените држави[87]. Во тој контекст, на глобализацијата се гледа и како средство кое служи за пласирање на западните воени производи во земјите и регионите во развој.

Доколку овој тренд продолжи и понатаму со ваква динамика, по се изгледа, дека ќе има реперкусии врз безбедноста и стабилноста, што најверојатно ќе ги ослаби демократските процеси и може да предизвика ескалација на нова трка во вооружувањето. Глобализираната милитаризација ќе предизвика безбедносни импликации за периодот што допрва доаѓа, бидејќи некои земји ја истакнаа желбата и волјата да ги промовираат своите воени достигнувања во слабите и не развиени земји, кои често се критикувани од страна на високоразвиените за непочитување на човековите права, насилство, поддршка на тероризмот или за ниско ниво на демократизација[88]. Се чини дека од сите видови меѓународна соработка помеѓу развиените и неразвиените земји, воената е таа која понекогаш претставува првична фаза за отворање на пазарот и воспоставување на демократија со репресивни средства. Покрај тоа, глобализацијата придонесе за создавање на воена (не)рамнотежа и појава на нови центри на моќ кои ќе предизвикаат нови безбедносни импликации. Дури и кога бевме зафатени со глобалната економска рецесија и кога националните економии се движеа кон банкрот,

[87] Grimmett H.R., Crs Report for Congress., Conventional arms transfers to developing nations,1999-2006,2007.
[88] Plevnik J.,Iza globalizacije,Zagreb,2003,str.98.

трендот на глобализираната милитаризација не запре, напротив продолжи кон нагорна линија[89].

### *5.2. Поврзаноста меѓу глобализацијата и конфликтите*

Современата форма на глобализацијата паралелно разделува и обединува, глобализира и локализира, хомогенизира и хетерогенизира, а тоа придонесува глобалната безбедност постојано да се наоѓа под притисок на разни радикални идеологии и нови моќни технологии кој го катапултираа светот во период на постојан конфликт, односно доведоа до нова ера на бескрајна војна[90].

Несомнено е дека глобализацијата генерира многу противречности и разновидни форми на кризи од економски, политички, безбедносни, социјален и еколошки карактер. Со тоа се зголемува можноста за појава на војни и конфликти од глобални размери. Оттука, се претпоставува дека глобализацискиот конфликт би се појавил на три рамништа и тоа :

1. Конфликти меѓу транснационалните коорпорации;

2. Конфликт меѓу водечките индустријализирани држави или региони ( САД, ЕУ, Јапонија) и

3.Конфликт меѓу развиените и неразвиените земји или Север против Југ[91]. Би додале и тоа дека постои можност од појава на конфликт на четврто рамниште и тоа меѓу ставовите на глобалистите, (претставниците на Давос) и

---

[89] Viotti P.R., Kauppi M.V.,International Relations and World Politics:Security,Economy,Identity(third edition),New Jersey,2007,p.241.

[90] „A decade after the 9/11 attacks Americans live in an era of endless war“, The Washington Post with Foreign Polisy, 01.09.2011.http://www.washingtonpost/world/national/security/a-decade-after-the-911-attacks-americans-live-in-an-era-of-endless-war/2011/09/01_story.html.(10.09.2011).

[91] Недјалкова А., Бауман З. и Филипов Д.,Глобализам регионализам и антиглобализам,Софија,2005,стр.196.

антиглобалистите ( претставниците на Порто Алегре ), околу тоа каков вид светски систем треба да се воспостави[92].

Како што може да се забележи од претходново, првиот и четвртиот конфликт не се географски лоцирани и не претставуваат меѓудржавни конфликти туку се конфликти меѓу групи, слоеви и движења. Затоа денес конфликтите се определуваат според една поширока основа од претходните периоди, па оттука најчесто во литературата се сретнуваат следниве видови конфликти: регионални, конфликти за ресурси, иредентистички и сепаратистички конфликти, етнички и религиозни конфликти, револуционерни и продемократски конфликти[93].

Во научните кругови се присутни и други класификации. Имено, Браун посочува на неколку варијабли - фактори, кој се тригерза појава на конфликтите, а се поврзани со ефектите од глобализацијата и тоа :

1. **Структурални фактори**, (слаби држави, внатрешно-државни безбедносни проблеми);

2**. Политички фактори**, (дискриминаторски институции, ексклузивистичка национална идеологија, политика на елитите);

3. **Економско-социјални фактори**, (дискриминаторен економски систем, економска неразвиеност) и

4. **Културни/перцептивни фактори**, ( културна дискриминација, проблематична заемна историја на групите)[94].

Во многу нешта современите процеси на глобализација поттикнуваат ривалства помеѓу државите, групите и организациите во сферата на трговијата, инвестициите и иновациите. Сообразно на тоа се зголемуваат и потребите за енергетски ресурси, при што, повторно во фокусот се прашањата поврзани со територијалните претензии или нерешените гранични прашања

[92] Valerstin I., Opadanje Americke moci,CID Podgorica,2004,str.253.
[93] Георгиева Л.,Творење на мирот: Мирот, безбедноста и конфликтите по Студената војна,Филозофски Факултет,Скопје,2007,стр.131.
[94] Ванковска Б.,Меѓународна безбедност:Критички пристап,Филозофски Факултет,Скопје,2011,стр.111.

од кој лесно произлегуваат конфликти ситуации и судири. Исто така, се поголемата вмреженост на различно ниво и во одделни области ќе влијае на политичката и економската стабилност во светот. Бидејќи бенефитите од глобализацијата нема да бидат универзални, ниту пак рамномерно ќе се распределат, нестабилноста и зголемената економска нееднаквост ќе ја определуваат состојбата на мирот и небезбедноста во светот.

Поради тоа, многу земји и региони,ќе бидат отсечени и ќе се соочуваат со подлабока економска стагнација, политичка нестабилност и културно оттуѓување,при што се очекува тие да доведат до насилство и различни облици на екстремизам и вооружени конфликти. Нобеловецот Стиглиц, во однос на тоа, истакнува дека доминантниот тек на глобализацијата како сила која донела толку добра, станала толку конзервативна.[95] Авторот укажува на тоа дека ризикот од војна помеѓу развиените и многу мал но меѓународната заедница ќе се соочува со судири ширум светот од релативно мали внатрешни побуни до регионални војни помеѓу државите. Потрагата по суровини, и остварувањето на стратегиските интереси ќе ги зголемат причините за конфликти меѓу различните актери иако засега не постојат силни докази за дирекната корелација помеѓу економијата, трговијата и ризикот од вооружени конфликти. Напротив, посилни се аргументите поврзани со позитивната страна на глобализацискиот систем кој можеда биде наклонет кон превенција на конфликти. Имено, интензивирањето на економската и информатичката интеграција, растечката способност на поврзување и зближување на народите и нациите и зголемувањето на меѓузависноста, создаваат силна мрежа на ограничувања на државите и другите актери за конфликт или војна. Едноставно кажано, глобализацијата како делумно да ја контролира состојбата во светот кога на дневен ред се прашањата поврзани со мирот и војната.

Во време на глобализациската ера одредени податоци поврзани со социеталните, (цивилните, етничките) и меѓудржавните конфликти и војни покажуваат дека тие се во опаѓање. Имено, постигнувајќи ја магнитудата во

[95] Stiglic Dz.,Protivrecnosti globalizacija,Beograd,2002,str.18.

средината на 80-тите години на 20 век, вооружените конфликти од тогаш се редуцирале за повеќе од 60% до крајот на 2015 година, што покажува дека бројот на конфликтите е на পониско ниво од она на почетокот на 60-тите години на минатиот век. Според други податоци за периодот од 1946 до 2008 година се случиле околу 320 одделни епизоди на поголеми вооружени конфликти во 162 земји, додека во изминативе 25 години, една половина од земјите (81 од 162 земји) имале искуство со некој вид вооружен конфликт[96].

Табела бр.3[97] – Регионална дистрибуција и број на поголеми вооружени конфликти за период 2006- 2015 година.

| Регион | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Африка** | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 3 | 2 | 2 | 3 | 4 |
| **Америка** | / | / | / | / | / | / | / | / | / | / |
| **Азија** | 2 | 2 | 3 | 3 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 | 2 |
| **Европа** | / | / | / | / | / | / | / | / | 2 | 1 |
| **С.Исток** | 1 | 1 | 2 | 2 | 1 | 1 | 2 | 2 | 5 | 4 |
| **Вкупно** | 5 | 4 | 6 | 7 | 5 | 6 | 6 | 6 | 12 | 11 |

За разлика од овие региони, Северноатланскиот регион, во кој земјите се со највисок степен на развој во светот, претставува пример за интегрираност и стабилност, па оттука појавата на конфликти во рамките на овие општества, е речиси минимизирана или елиминирана. Тоа се должи на начинот на управување, (демократско и на нивото на развој, како клучни

[96] Marshall M.,And Cole B.,Global report 2009:Conflict,Governance,And State Fragility,Center for Sistemic Peace,2009,p.4.
[97] Извор: Themner L. and Melander E.; Patterns of armed conflict,2006-2015,достапно на: www.sipri.org/yearbook/2016/06.

компоненти кој придонесуваат за избегнување на конфликтите во развиените земји. Наспроти тоа, сиромашните и неразвиени земји во кој е забележително отсуството на овие димензии, ги прави лесно подложни на вооружени конфликти.

Всушност,ова е приказ за поделеност на глобалниот систем. Некои автори како Холсти, Сингер и Вилдавски, оваа диференцираност која е резултат од ефектите на глобализацијата ја категоризираат во однос на зони[98]. Па така според нив, светот е поделен на зони на мирот, воени зони и невоени зони.Зоните на мирот ги опфаќаат високо развиените западни земји во кој конфликтите и војните се незамислива категорија, особено не во меѓусебните односи, затоа што имаат имплементиран заеднички норми и вредности и висок степен на економска-трговска меѓуповрзаност. Овие земји од северната хемисфера предводници на глобализацијата имаат монопол на современите процеси на производство, контрола над светските финансиски институции и доминираат во воената сфера.Типичен пример за зона на мирот е Европската унија.

Воените зони ги зафаќаат слабите држави од Третиот свет или поточно неиндустријализираните земји кои имаат редица внатрешни недостатоци во однос на легитимитетот и ефикасноста, во кој нема внатрешна контрола и поредок, кој се обременети со сиромаштија, невработеност, хаос, немири и социјални, етнички и верски судири, што прави тие да бидат жаришта на вооружени конфликти. Овие земји и региони се претвараат во трајни зони на немир и хаос.

Третата категорија се невоените зони кои делат од особините на слабите држави, меѓу кои се воените интервенции и кризи, постои натпревар во вооружување, но сепак се дистанцирани од војни и конфликти меѓу државите[99]. Имено, од 1945 година до денес над 90% од војните и

[98] Holsti K.J., The State,War and the State of War,University Press,Cambridge,1996.
[99] Исто стр.183

вооружените конфликти се одвивале токму во земјите во развој лоцирани во јужната хемисфера[100].

Оваа категоризација ги идентификува и релациите помеѓу слабите и силните држави, т.е. помеѓу развиените и неразвиените држави. Како индикатори за ваквата распределба се земаат предвид демократијата, економскиот развој и мирот кој засега одат во прилог на земјите од Првиот свет (зоните на мирот). Авторите Сингер и Вилдавски истакнуваат дека „зоните на стабилност", (Западна Европа, САД и Канада, Австралија и Нов Зеланд,Јужна Кореа  и Јапонија кои чинат 15 % од светското население) и „зоните на криза" (  кој сочинуваат 85% од населението од светот), стануваат дел од реалноста и случувањата во меѓународните односи, а истите ќе придонесат за нов вид поделби. Тие сметаат дека се појавуваат подрачја на стабилност и просперитет и подрачја во кои владеат немир, конфликти, глад и сиромаштија. Така „големата зона на мир" ќе расте и зајакнува на сметка на „зоната на немир", односно неразвиените општества се повеќе ќе претставуваат слика за иднината. Тоа претставува едно црно сценарио доколку силите на глобализацијата не направат потег кој ќе доведе до баланс на развиените и неразвиените општества во меѓународните односи[101]. Притоа, политичките,економските и културните детерминанти се главна причина за ваквата долгорочна нееднаква распределба помеѓу регионите во светот.Меѓународните организации, (ООН,ЕУ,НАТО), придонесоа мошне малку за подобрување на состојбата меѓу зоните на мирот и зоните на немирот, а уште помалку без гаранти на мирот и стабилноста во односите помеѓу развиените и неразвиените општества. Оттука, може дасе говори за состојбата на status quo кога се расправа за старо-новите глобални безбедносни случувања, затоа што светот поделен на две или три целини(зони) има потреба од исто толку безбедносни политики и начини на размислувања,кои во денешниве сложени околности тешко се остваруваат.

---

[100] Risar Z.F., Tacno u podne:Dvadeset globalnih problema, dvadeset godina da budu reseni,Beograd,2008,str.121.
[101] Singer M.,And Wildawski A. vo:Vukadinovic R.,Medunarodni odnosi od Hladnog rata do globalnog poretka,Zagreb,2001,str.237,402.

Засега,заемната зависност, меѓу поврзаноста и отвореноста на границите не придонесоа за намалување на конфликтниот синдром кој се јавува онаму каде што постои висок степен на сиромаштија и беда, слаба економска поврзаност со глобалниот систем, висок степен на невработеност, отсуство на поредок и висок степен на милитаризираност. Напротив, поврзаноста и отвореноста помеѓу земјите во ризичните региони придонесе социо-економската катастрофа од една земја да се прошири во соседните држави. Со тоа, се повеќе се зголемија изгледите нестабилните региони во светот длабоко да навлезат во хаосот и безпоредокот,што со сигурност ќе се одрази на глобалната безбедносна состојба. Тоа наговестува дека меѓународните безбедносни авторитети, за долг временски период ќе останат во критичните делови од светот со цел да превенираат колапс на општествата[102].

Оттука, сметаме дека глобализацијата е причина за редица конфликти кој се поврзани со проблемите на идентитетите, културата, сиромаштијата и ресурсите при што конфликтите како бумеранг можат да се вратат и да влијаат врз динамиката на процесите на глобализацијата. Овој заемен однос се рефлектира на степенот на безбедност во и надвор од националните граници и ги зголемува формите кој придонесуваат за голема несигурност во меѓународните односи[103].Сепак постојат можности тековите на глобализацијата преку различни политички, економски, информатичко-технолошки и општествени промени да ги закрепнат послабите земји и региони.

Со отворање на интеграциските можности за континуиран развој се чини дека воените зони можат да се придвижат кон зоните на мирот и стабилноста, односно зголемувањето на зоните на мирот да оди на штета и на намалување на зоните на немирот. Оваа визија е остварлива, но само доколку воената димензија на глобализацијата, изразена преку глобалната

[102] Зенделовски Г. Нацев З., Глобализација,мирот и безбедноста,Скопје,2014,стр.252.
[103] Георгиева Л.,„Безбедносни импликации на глобализацијата:Конфликтите и превенцијата како норма на безбедносната политика“,Глобализацијата, мирот и безбедноста,Министерство за одбрана на РМ и Филозофски факултет,Скопје,2008,стр.65-81.

милитаризација, се пренасочи кон пацифистичката и хуманата димензија на глобализацијата.

### *5.2.1. Глобализирани војни и војни породени од глобализацијата*

Во услови на современа глобализација, причините за војни се речиси безбројни, но ќе наведеме само некои од светски познати автори. Според Фукујама како главни причини за војни ги наведува нафтата, емиграцијата и новиот светски поредок[104]. Од кој третата причина за појава на војни и судири ќе биде многу позначајна затоа што опфаќа доста широк спектар на активности за отпочнување на воени дејства. Додека, Хантингтон говори за стравот од асимилирање на сопствениот идентитет и јазик со глобалните културни вредности, ќе влијае кај некои народи и земји тоа да го надоместат преку насилства, етнички чистења, геноцид и војни со цел да ги истакнат сопствените културни вредности над останатите. При што ќе биде потенцијална причина за „судир на цивилизации“[105]. Меѓу овие причини може да ги истакнеме и неправилната перцепција на група луѓе или индивидуи кои ќе успеат да го наметнат своето лично видување за некоја земја. Како и недостигот на владини авторитети на моќ, неспособни да ја контролираат ситуацијата во земјата и вообичаено завршуваат со етнички чистења или граѓанска војна, па така постои можност од дестабилизација на регионот во кој земјата географски и припаѓа.

---

[104] Fukuyama F., The end of history and the last man,1992, Penguin books.
[105] Huntington S.P., Sukob civilizacija I preustroj svjetskog poretka, Izvori, Zagreb,1996.

Од споменатово може да се запрашаме дали во иднина вооружените сили повеќе ќе се соочуваат со ризици и опасности кои се последица од процесите на глобализација отколку од конвенционален напад на непријателски земји? Колку и на кој начин овие процеси индуцираат војни и судири и колку денешните војни стануваат глобализирани?

Дел од одговорите на овие прашања може да ги проследиме преку анализите на авторот Бауман кој говори за два типа на војни. Едните ги нарекува „глобализирани војни“ и другите „ војни породени од глобализацијата“. Авторот ги прецизира првиот тип на војни како војни кој се водат во името на постулираните меѓународни односи кој во практиката се претставени и создадени ад хок и зависни од регионалните коалиции и заинтересираните партнери. Односно, отсуството на авторитет на меѓународните политички институции е причина за изведување на воени операции проследени преку правилото на дејствување познат како „законот на посилниот“. Но, од друга стана некои земји ги покажуваат „сопствените мускули“ и слобода на дејствување во име и одбрана на меѓународниот поредок. Како што вели Бауман, целта на глобализираните војни е отстранување на пречките од патот кој го попречуваат реализирањето на неолибералниот модел, односно денес се започнува војна заради отворање на досега затворените територии за глобално движење на капиталот, пари и стоки[106].

Вториот тип на војни според Бауман се познати како „војни препородени од глобализацијата“. За нив вели дека процесите на глобализација ги рушат постоечките граници на другите народи и ја елиминираат нивната моќ, притоа придобивките се насочуваат кон земјите предводници на овие војни. Во име на економските придобивки и воспоставување на единствен светски систем, овие земји предводници ги рушат постулатите во многу земји. Поради тоа, глобализацијата предизвикува незадоволство и несигурност проследени со судири и војни кај повеќето земји, кои не ги прифаќаат глобализациските

[106] Бауман З., Воините в ерата на глобализациата, Социологически проблеми 1-2,2001,5-25.

трендови. Оттука, тој ги определува меѓуетничките војни, геноцидот и појавата на терористички акти, како војни породени од глобализацијата[107].

Во тој контекст, како пример можат да се земаат случувањата во Босна, Чеченија, Сомалија, Руанда, Косово, Авганистан, Ирак, Либија,Сирија и Јемен каде што разните идеолошки, етнички, религиски, и територијални разделувања без во судир со новите современи процеси на космополитизам и мултикултурни вредности, почитување на правата на малцинствата и идентитетите. Овие војни се последица на конфронтирањата помеѓу „вклучените“ и „исклучените“ од глобализациските процеси, токму во периодот во кој глобализацијата имаше се поголем налет и интензитет. Оттука е интересен начинот на кој глобализацијата ја преобликува безбедноста и донесува промени во безбедносно-воените агенди на државите и меѓународните организации и институции[108]

[107] Исто.
[108] Бејлис Џ.,„*Меѓународна и глобална безбедност“* во: Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи,(превод), Табернакул, (2009): 226-241.

## *5.3. Глобални закани и опасности во современото меѓународно опкружување*

Војната меѓу државите од секогаш заземала централно место во студиите за меѓународните односи и насекаде беше прифатена како непропустлив дел во односите држава-држава. Ова е сосема разбирливо ако се земе предвид дека во минатото овој вид на конфликт беше премногу истакнат и чинеше многу животи. Реалистичкиот модел за натпреварот меѓу моќните држави за превласт, спречена само од компензациската моќ на другите држави, изгледаше како да е носена според скалата и според природата на најголемите војни во историјата.

Покрај војната меѓу државите, постојат и закани по безбедноста од страна на недржавните актери.Овие закани се: тероризмот и политички недржавни воени групи (националисти, религиозни, марксисти, фашисти, расисти и други групи)[109] .

Не постои земја или регион во светот кои се имуни на современите ризици и опасности. Заканите по мирот и стабилноста денес варираат по форма и интензитет на манифестирање, од судирите на Блискиот Исток до напнатоста помеѓу силите во Азија, етничките и политичките судири и здравственитепроблеми во Африка, терористичките напади на Ал Каеда, и држави  во САД и земјите од Западна Европа, пролиферацијата на оружје за масовно уништување, финансиските кризи, компјутерските вируси и глобалните климатски промени.

Постојат различни перцепции за безбедноста помеѓу развиените земји и земјите во развој. За високо развиените земји небезбедноста доаѓа надвор од

[109] Хју П., Поим за глобалната безбедност, Скопје,2009,стр.26.

националните граници, додека за земјите во развој, небезбедноста произлегува од домашниот „атар“. Без разлика дали заканите произлегуваат од внатре (in) или од надвор (out) од државите, тие се импликација од нееднаквиот третман на процесите на глобализацијата. Оттука, ќе ја прикажеме класификацијата на глобалните закани на 21 век според видувањата на меѓународните организации и на Оксфордската истражувачка група. Секоја од организациите има свој пристап, па затоа за две различни организации една иста закана има поинаква позиција на соодветната листа. На табелата можат да се видат глобалните закани според приоритетите кои се сметаат за тригер-фактори за нарушување на глобалната стабилност[110].

[110] Зенделовски Г. и Нацев З., “Глобализацијата мирот и безбедноста“,Филозофски Факултет, Скопје,2014,стр.218.

Табела бр.1.[111]-*Видови закани*

| Ред. Бр. | Оксфордска истражувачка група | ООН | НАТО | ЕУ |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Економски и социјални закани | Економски и социјални закани (сиромаштија, болести и деградација на животната средина) | Регионални конфликти и кризи | Тероризам |
| 2. | Борба за ресурси | Меѓудржавните конфликти | Ширење на оружје за масовно уништување | Пролиферација на оружје за масовно уништување |
| 3. | Маргинализација на мнозинството од светската популација | Внатрешни конфликти вклучувајќи цивилна војна, геноцид и сл. | Меѓународниот тероризам | Регионални конфликти и кризи |
| 4. | Глобална милитаризација | Нуклеарни, радиоактивни, хемиски и биолошки оружја | Кибер-нападите и други технолошки трендови | Распаѓање на држави |
| 5. | | Тероризам | Енергетска небезбедност/ ограничување на ресурси | Организиран криминал |
| 6. | | Транснационален организиран криминал | | |

[111] Abbott C., Rogers P. and Sloboda J., Global responses to global threats: Sustainable security for the 21st century,Oxford Research Group, June,2006,p.4,достапно на :http://www.oxford research group.org.uk/sites/default/files/globalthreats.pdf:A more secure world:Our shared responsibility,UnitedNations,2004,p.2, http://www.un.org/secureworld/report2pdf.,Active and gagement,modern defence, Strategic concept for the Defence and Security of the members of the North Atlantic Treaty Organisation Lisbon, November,2010,  hhttp://nato.int/strategic-concept/index.html.,A Secure Europe in a better World,European Securuty Strategy, Brussels, Decembar,2003.

Според табелата оружјето за масовно уништување претставува закана за сите земји во светот. Употребата на оружјето за масовно уништување може да предизвика голем број последици како: човечки жртви, контаминација, економски штети и други штети. Регионалните конфликти се закана за безбедноста кои вклучуваат примена на насилство за остварување на цели, предизвикуваат човекови страдања, уништување на општите добра и др. Глобалната милитаризацијата како закана за безбедноста се однесува на производството и продажба на оружјето, со што се зголемува бројот на вооружени конфликти.

Од табелата може да се забележи дека и покрај различниот пристап и рангираност на заканите, сепак, генерално тие се заемно поврзани и не можат да се разгледуваат посебно (на пр.,тероризмот да се разгледува надвор од проблемите поврзани со сиромаштијата или вооружените конфликти). Без разлика што овој приказ е разработено од страна на богатите високоразвиени западни земји, заканите се опасност и за останатите земји од светот, (на пр. тероризмот не се појавува само во распаднатите земји,или климатските промени не ги погодуваат само богатите земји и обратно).

Денес се актуелни заканите кои ги продуцираат недржавните субјекти, а дел од нив се поврзани и именувани за најголема закана на западната цивилизација, а со тоа и на самите процеси на глобализацијата. Се проценува дека со намалувањето на улогата на државата се повеќе ќе се зголемува бројот на недржавните актери кои ќе имаат поголемо влијание во „зоните на хаосот“, и ќе имаат моќ и сила слично како државите. Оттука, се почесто ќе има случаи различните индивидуалци и групи да се спротивставуваат против државите, а се помалку ќе има судири на релација држава против држава. Ова значи дека безбедносните концепти треба од корен да се менуваат затоа што новите актери на сцената се недржавни субјекти[112]. Меѓу недржавните актери

[112] Fukujama F., Amerika na prekretnici-Demokratija moc I neokonzervativno zavestanje, CID Podgorica,2007,str.60.

се појавуваат и невладините организации, (на пример, *Amnesty internacional* и *Greenpeace*), кои имаат моќ и влијание да го стимулираат јавното мислење за прашања поврзани за националната и меѓународната безбедност. Оттука, е мислењето дека недржавните субјекти, (индивидуалци, групи, организации), преку различни форми на притисоци и закани, (од воена, полувоена или невоена природа), врз државите и вооружените сили, придонесоа за насочување на современиот концепт на безбедност кон организации од ваков тип, а кои воедно се новите непријатели на државите во современите услови на глобализацијата[113].

Оваа комплекност на варијации и листи на актери кои слободно дејствуваат, овозможува да соберат доволно ресурси со кои можат да ја предизвикат државата и да го доведат во прашање нејзиниот легитимитет. Затоа се бараат различни закани во концептот на современата безбедност, бидејќи, во денешни услови, националната и наднационалната безбедност се загрозени од страна на субдржавни фактори и организации кои полека го намалуваат државниот монопол на моќ и сила.

Поради траекторијата по која се движат заканите се потешко е да се разграничат или одделат таканаречените „меки“ закани кои ги застапуваат неолибералите, (климатските промени, болести, природните катастрофи, економската благосостојба, проблемите со сиромаштијата, ширење на идеи и култури како средство во надворешната политика) од „тврдите“, поврзани со високата политика, чии застапници се претежно неореалистите, (заканите и опасностите за националната и за меѓународната безбедност, воените интервенции, пролиферација на оружје за масовно уништување и др.).На пример, „меките“ теми –проблемите со животната средина можат да преминат во „тврди“, бидејќи штетите од климатските промени можат за неколку патти да ги надминат штетите направени од некоја војна или

[113] Show, D.M., National Security for a New era:Globalization and Geopolitic after Iraq,Third edition, Pearson Longman,2008,p.174.

конфликт. Последиците од цунамито во Азија, земјотресите на Хаити и цунамито кое предизвика нуклеарна катастрофа во Јапонија беа со поголеми последици од некој вооружен конфликт или војна.

Исто така, пандемијата на болестите како ХИВ/СИДА, маларија и туберкулоза претставуваат голема опасност и се третираат како закана за националната и глобалната безбедност. Глобализацијата придонесе тие да се прошират и појават во сите делови од светот. Меѓу нив, најзагрижувачки е вирусот на СИДА, претежно застапен во Африка, понатаму болестите од поново време САРС, птичји грип(H5N1), свински грип и други. Секако, изолацијата на делови или на цела Африка поради пандемија на болестите, не е решение, бидејќи би предизвикало геополитички и геоекономски консенквенции по светската политика[114]. Но, бројот на заболени од СИДА е во пораст и широко распространет на територијата и на Кина и Индија, (земји со најбројна популација на светот), со што дополнително оставиле импликации врз националната и глобалната безбедност. Загрижува податокот дека на почетокот на 21 век, 95% од заболените од СИДА се наоѓале во земјите во развој[115]. Оттука, овој проблем, во контекст на безбедноста, не е помалку важен од тероризмот или воените операции, што е воочливо со оглед на тоа што им се дава посебно место во документите за национална безбедност.

Глобализацијата меѓу другото се смета и за причина и на тероризмот, бидејќи продуцира редица економски и социјални нееднаквости за најголем дел од светската популација, но и за разни облици на експлоатацијата на земјите и дискриминација на народите[116]. Во таа смисла, тероризмот се јавува како екстремен израз на незадоволството, отпор поради состојбата во која се наоѓаат одделни земји или региони од светот, а како главен виновник за ова се посочуваат развиените западни земји. Поради нивниот игнорантски однос

---

[114] Исто,стр.405.

[115] Нана К. Поку,„Глобални пандемии:ХИВ/СИДА“,во:Управување со глобализацијата:Моќ,власт и глобално управување,Скопје,2010,стр.125-143.,Risar Z.F., Tacno u podne:Dvadeset Globalnih problema, dvadeset godina da budu reseni, Beograd,2008,str.131.

[116] Micovic V., Globalizacija I novi svetski poredak, Beograd,2001,str.164.

кон проблемите со коисе соочуваат поголем број од земјите во светот, глобализацијата привлекува против себе се повеќе радикални групи и индивидуи кои се противат на нејзината сегашна форма која служи еднострано, во интерес само на богатите земји. Затоа многумина стравуваат дека ќе дојде до глобализирање на тероризмот како еден вид казна за земјите кои ја произведуваат глобалната нееднаквост и асиметрија. Притоа, сакајќи или не, ќе ги вовлече и останатите земји кои воопшто не се виновни, ниту пак, придонеле за да бидат цел на терористички акти. Тоа го потврдува и зголемениот број на макро-терористичките напади (од 2001 до 2011 год.), кој достигнал бројка од околу 2400 случаи, што е двапати повеќе од бројот на терористички напади за периодот од 1991 до 2001 година, додека бројот на повредени или загинати луѓе од терористички акти се зголемил од 7000 во 1995 год. На повеќе од 25000 жртви во 2006 година[117].

Оваа сложеност придонесе за растегливост на заканите од една до друга крајност, односно да започне, на пример, од Ал Каеда па да стигне до воените интервенции во држави како Авганистан, Ирак, Сирија, Јемен а на крај да заврши како регионален безбедносен проблем. Заканите кои ги елаборираве посочуваат на силна врска со процесите на глобализацијата, бидејќи тие имаат планетарни димензии и големи последици врз нашата заедничка иднина. Нивното одбегнување и нерешавање ќе создаде големи компикации во односите помеѓу државите и меѓу организациите и институциите. Затоа е потребно поинаква класификација на заканите во однос на последиците и тоа: *првата* категорија да се однесува на последиците кои ги надминуваат територијата и физичките ограничувања, кои ги споделуваме и се именувани како општо добро за сите; *втората* да се однесува на економско-социјалните проблеми чие решавање е од општ интерес и се од хуман карактер и *третата* категорија да се однесува на законските одредби

[117] Извор:Ачарја А.,„ Човечка безбедност“, во:Глобализацијата на светската политика:Вовед во меѓународните односи,Скопје,2009,стр490-505.Terrorisam risk in the post-9/11 era:A10-year retrospective,RMS,2011,p.4.

кои треба да се усогласат на глобално ниво со цел да се стават под контрола„слободните стрелци“[118].

Затоа новата безбедносна агенда мора да биде флексибилна и конструктивна во однос на актуелните случувања. Притоа, треба да се земат предвид традиционално-воените и современо-невоените средства за справување на заканите, затоа што безбедноста е променлива варијабла и тешко се повлекува линија на раздвојување меѓу заканите, опасностите и ризиците.

### *5.4. Меѓународен трансфер на оружје во 21 век*

Меѓународниот трансфер на оружје порасна за 10% помеѓу 2008-2012 година 2013-2017 година, и го достигна највисокото ниво од крајот на Студената војна. Зголемувањето започна во раните 2000-ти и бележи континуиран тренд.

Петте најголеми снабдувачи на оружје од 2013 до 2017 година беа САД,Русија, Франција, Германија и Кина, и тие вклучуваат 74% од вкупниот глобален извоз на оружје. Од 1950 г. САД и Русија (порано Советски Сојуз) конзистентно беа најголеми снабдувачи со оружје, и тие заедно со западноевропските снабдувачи, доминираат на врвот од листата на најголеми снабдувачи. Петте најголеми увозници беа Индија, Саудиска Арабија, Египет, Обединети Арапски Емирати и Кина, кои заедно имаат 35% од вкупниот увоз на оружје. Додека Азија и Океанија беа главниот увозен регион кој има 42% од вкупниот на увоз на оружје од 2013 до 2017 година. Потоа следи Блискиот Исток чиј увоз на оружје порасна за 103% од 2008 до 2017 година. За разлика од нив, во Европа

[118] Risar Z.F.,Tacno u podne:Dvadeset globalnih problema,dvadeset godina da budu reseni, Beograd,2008,str.86.

увозот падна за 22%, како и во Американскиот континент за 29% и Африка за 22%.

Табела бр.4 Најголеми извозници и увозници на оружје на светот за период од 2013 до 2017 година[119]

| Извоз | Процент од вкупниот извоз % | Увозници на оружје | Процент од вкупниот увоз % |
|---|---|---|---|
| САД | 34 | Индија | 12 |
| Русија | 22 | Саудиска Арабија | 10 |
| Франција | 6.7 | Египет | 4.5 |
| Германија | 5.8 | О.А.Е | 4.4 |
| Кина | 5.7 | Кина | 4.0 |
| В.Британија | 4.8 | Австралија | 3.8 |
| Шпанија | 2.9 | Алжир | 3.7 |
| Израел | 2.9 | Ирак | 3.4 |
| Италија | 2.5 | Пакистан | 2.8 |
| Холандија | 2.1 | Индонезија | 2.8 |

Во последните 5 години, имаше неколку позитивни промени во јавната транспарентност за трансферот на оружје. Бројот на држави кои известуваат за нивниот извоз и увоз на оружје на ООН (UNROCA) падна на најниско ниво и немаше некои промени освен одредени национални и регионални механизми за известување. Сепак, повеќето од земјите што го имаат ратификувано Договорот за трговија со оружје од 2013 година ја исполнија својата обврска за известување на извозот и увозот на оружје.

119 https://www.sipri.org/sites/default/files/Data%20for%20all%20countries%20from%201988%E2%80%932018%20in%20constant%20%282017%29%20USD%20%28pdf%29.pdf

Многу земји објавуваат податоци за финансиската добивка од извозот на оружје. Според тие податоци СИПРИ пресметал дека вкупната вредност од глобалната трговија на оружје за 2016 г. изнесувала најмалку 88,4 милијарди долари. Додека вкупната продажба на врвните 100 компании за 2016 година изнесува 375 милијарди долари, или бележат пораст за 1,9% во однос на 2015 година. Зголемувањето главно се должи на зголемената продажба на оружје на американските компании, кои што се доминантни на листата на врвните 100 компании.

### *5.4.1. Пролиферација на оружје за масовно уништување*

По првото појавување на нуклеарното оружје во 1945 година, тоа стана гаранција за меѓународниот мир и безбедност за време на Студената војна. Навистина, поседувањето или одбрана со нуклеарно оружје се сметаше за примарен фактор за долгиот период на мир и стабилност во меѓународниот систем што следуваше по Втората светска војна. Дури и по Студената војна, поседувањето на нуклеарното оружје е фундаментална основа за светскиот поредок, што се гледа во постојаната зависност од нуклеарно оружје кај државите кој веќе го поседуваат, како и набавка на ова оружје од страна на нови држави. 1968 година кога завршија преговорите за Договорот за нуклеарна непролиферација, само САД, Советскиот сојуз, Велика Британија, Франција и Кина, се знаеше дека поседуваат нуклеарно оружје, при што се јави потреба да се спречат останатите држави да го набават, како и да се спречи понатамошното создавање на нуклеарно вооружување кај државите

што веќе го поседуваат, со крајна цел за евентуално елиминирање на целото нуклеарно вооружување[120].

Некои научници тврдеа дека Договорот за нуклеарна непролиферација не е ефикасен при спречување на пролиферација и разоружување од нуклеарно оружје. Како доказ за неуспех на договорот тие го посочуваат фактот на зголемување на бројот на држави кои поседуваат нуклеарно оружје, од првичните пет во 1968 година се зглолемиле на девет во 2007 година(покрај првичните пет, нуклеарно оружје поседуваат и Израел, Индија, Пакистан и Северна Кореа). Но, други автори тврдат дека Договорот е ефикасен при спречување на пролиферација, посочувајќи го намалувањето на нуклеарните парчиња, и фактот дека само четири нови држави купиле нуклеарно оружје.

[120] Вилијамс Д.П., Студии по безбедност,Скопје,2012,стр.361-362

Табела бр.5[121] Нуклеарниот арсенал на државите кои поседуваат нуклеарно оружје.

| **Земја** | **Распоредени боеви глави** | **Други боеви глави** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **САД** | 1800 | 5000 | 6800 |
| **Русија** | 1950 | 5050 | 7000 |
| **Велика Британија** | 120 | 95 | 215 |
| **Франција** | 280 | 20 | 300 |
| **Кина** | _______ | 270 | 270 |
| **Индија** | _______ | 120-130 | 120-130 |
| **Пакистан** | _______ | 130-140 | 130-140 |
| **Израел** | _______ | 80 | 80 |
| **Северна Кореја** | _______ | 10-20 | 10-20 |
| **Вкупно** | 4150 | 10 785 | 14 935 |

На почетокот од 2018 година 9 држави (САД, Русија, Велика Британија, Франција, Кина, Индија, Пакистан, Израел и Северна Кореја) поседувале приближно 14 465 парчиња нуклеарно оружје. Меѓутоа бројот на нуклеарни боеви глави континуирано опаѓа. Ова најмногу се должи на тоа што САД и Русија, кои што поседуваат 92% од глобалното нуклеарно вооружување. Но, и покрај тоа САД и Русија имаат обемна скапа програма за промена и

[121] World nuclear forses, in:SIPRI yearbook 2017,достапно на :http:www.sipriyearbook.org

модернизирање на нуклеарните боеви глави, проектили, воздушни системи, и објектите за производство на нуклеарно оружје.

Пристапот до сигурни информации за нуклеарните арсенали и капацитети на нуклеарно-вооружени држави варира во голема мера. САД, Велика Британија и Франција изнесоа некои податоци , додека Русија одбива да го стори тоа. Иако, Русија и Кина споделија информации со САД, владата на САД престана да ги објавува деталните информации за руските и кинеските нуклеарни сили. Владите на Индија и Пакистан даваа изјави за некои од нивните ракетни тестирања, но не споделуваат информации за статусот или големината на нивните арсенали. Израел има политика на нетранспарентност за нејзиниот нуклеарен арсенал. Исто така и Северна Кореа не дава информации за нејзините нуклеарни капацитети.[122]

[122] https://www.sipri.org/sites/default/files/SIPRIYB18c03_1.pdf

# ЗАКЛУЧОК

Многу показатели укажуваат на тоа дека војната во 21-от век нема да ја има истата улогата што таа ја имаше во 20-от век. Биполарниот светски поредок не постои и со тоа е отстранета опасноста од вооружен судир од светски размери и со висок интензитет, со можност за употреба на нуклеарно оружје. Со падот на берлинскиот ѕид не постои биполарноста на светот, а социјализмот како општествено уредување е укинат во почетокот на 21-от век. Постепениот, но голем раст на националните економии како што се Кина, Индија, Бразил и стабилизирањето на Русија ја менува економската, а со самото тоа и геополитичката слика во светот. Судирите што доведоа до големи потреси во меѓународните односи како што се оние во Ирак, Авганистан, Либија и Сирија и други, воените интервенции, појавата на терористичките исламски организации, зборува за тоа дека продолжува петнаесет годишниот тренд.

Некои американски геополитичари и стратези предвидуваат други видови на судири познати како судири на цивилизациите. Меѓутоа, тие судири би биле сосема поинакви од Првата и Втората светска војна, или од некоја предвидувана „Трета“ светска војна,за чие водење беа потребни масовни армии и уште помасовни средства на воената техника. Во современи услови, тоа можат да бидат таканаречените асиметрични војни, внатрешни судири и надворешни воени интервенции, со многу човечки страдања и материјални разорувања.

Глобализацијата во меѓународните односи придонесе за транснационализација на најразновидни ризици кој го условуваат постојаниот недостатокот на безбедност на глобално и национално ниво. Современиот свет се повеќе се соочува со радикално нови предизвици, меѓу кои се нетрадиционалните загрозувања на безбедноста. Тероризмот, етничкиот и верскиот екстремизам, пролиферацијата на оружје за масовно уништување, војниот интернационализам и регионалните конфликти претставуваат современи безбедносни закани во целиот свет и имаат влијание врз

зголемување на нестабилноста во меѓународниот безбедносен поредок. Овие видови на закани и ризици, пред се оние во чија основа се конфликти мотивирани од етнички тензии, обиди за сецесија, културни и верски разлики, имаат огромен потенцијал за дестабилизирање на големи простори и може да ескалираат во регионални судири. Присутната неизвесност од овие закани и ризици се гледа како причина и потреба за зголемување на националните воени капацитети. Од друга страна, бидејќи бенефициите од глобализацијата беа наменети само за мал број на земји кај останатите, таа нееднаквост беше главна причина за незадоволство, па затоа овие земји ги зголемија извојувањата на финансиски средства за воена технологија и опрема. Причините за ваквите светски процеси незадоволните ги препознаа во глобализацијата, која за нив претставуваше закана за мирот и безбедноста. Воедно, процесите на глобализација доведоа до забрзана индустријализација и модернизација, го промовираат западното влијание како производители и глобални дистрибутери на воена моќ, но и како центри на воена сила. Со помош на воената димензија овие земји успееја да ги милитаризираат меѓународните односи. Денес, во услови на глобализација политичката, економската и културната моќсе стекнуваат со помош на воени средства. Оттука, глобализацијата не најави крај на милитаризацијата, туку, период на ремилитаризација, при што на државите и меѓународните воени организации им даде досега невидена разорна воена моќ и софистицираност.

Современите конфликти стануваат се покомплексни, поопасни, без јасни граници, цели и сфери на интерес. Се повеќе актери се појавуваат на глобалната сцена. Од меѓународни воени организации како на пример НАТО, економски и политички унии (ЕУ и БРИКС), до поединечни држави и терористички организации. Комплексноста на мултиполарниот свет, новите предизвици на современите начини на војување, недостатокот на природни ресурси придонесоа обидите на ООН да воспостават мир и јасни меѓународни правила во вооружените конфликти, да пропаднат.

Во денешно време глобална нуклеарна војна е малку веројатна, но пролиферацијата на оружје за масовно уништување продолжува, што покажува дека се уште постои ризик тоа оружје да се употреби. Може да се констатира дека светот потенцијално е најзагрозен од злоупотреба на оружјето за масовно уништување,со оглед на тоа дека има зголемена можност

во услови на глобализиран свет таквото оружје да дојде во рацете на поорганизираните криминални и терористички групи.

Денес во трката на вооружување, САД ја имаат лидерската позиција и најверојатно ќе биде лидер уште долго време. Тие имаат најразвиена воена индустрија и најсовремено организирана воена научно-истражувачка дејност. Исто така, тие се најголем производител и извозник на средства за вооружување и воена опрема. Воедно имаат и водечката улога во единствениот голем воено-политички сојуз-НАТО, што го потврдува нивниот примат во воената моќ. Сепак, Русија и Кина вложуваат дополнителна енергија и средства во обидите да се приближат на САД, како во квантитет така и во квалитет на воениот потенцијал.

Овие земји го загрозуваат американското лидерство, во сите аспекти од глобализацијата, вклучувајќи ги и воените аспекти. Русија ја зајакна својата економија, ја реорганизира и повторно ја опреми нејзината воена сила, и го обнови нејзиниот нуклеарен капацитет, со што го загрози приматот на САД, додека Кина со нејзиниот брз економски раст, ја интензивираше модернизацијата на нејзините воени капацитети.

Сметаме дека процесите на глобализација го добија приматот во регулирање на светските случувања. Контраверзите и ривалствата од времето на Студената војна, оставија антагонизми кои водеа кон редица војни и конфликти насекаде во светот. Периодите исполнети со осцилации на мир и војна укажаа дека на процесите на глобализацијата и војната како општествена појава, не треба да се гледа како на посебно издвоени прашања. Некои индикатори делумно укажаа дека за постигнување на „сопствената цел“, државите ќе ја користат воената моќ како алатка за „продолжување на политиката со други средства“. Можеби и не претставува опасност кога развиените земји ја користат војната со цел да се отвори и зголеми економската соработка од која полза првично ќе имаат посиромашните и неразвиени земји. Погрешно е мислењето дека воената сила ќе и служи на глобализацијата за освојување на нови територии и пазари, со цел обезбедување на мир и просперитет во оние региони од светот каде е оневозможен слободен економски развој.

Современите кризи, регионалните и локалните вооружени конфликти, како и светската воена моќ во современите процеси на глобализација, не се намалија. Напротив, денес, се соочуваме со нова трка за вооружувањето и глобална доминација на суперсилите  постои опасност светот да се соочи нов вид на  Студена војна.

## БИБЛИОГРАФИЈА


1. Arnowitz S. and Bratsis P., Paradigm Lost State theory Recondsidered, University of Minnesota press, Minneapolis, 2002
2. Ачарја А.,„Човечка безбедност“, во: Глобализацијата на светската политика: Вовед во меѓународни односи, Скопје, 2009
3. Bagvati Jagdis. U odbranu globalizacije, Sluzbeni vesnik 2008
4. Baylis J., Wirtz J., Gray C. and Cohen E., Strategu in the contemporary world, second edition, Oxford university Press, 2007
5. Бауман З., Воините во ерата на глобализацијата, Социолгички проблеми 1- 2, 2001
6. Beck U., Moc protiv moci u doba globalizacije: Nova svetskopoliticka economija, Skolska kniga, Zagreb, 2004
7. Beck U., Redefining power in the age: Eight theses, Dissent, Fall 2001
8. Бејлис Џ., Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународни односи, Скопје, 2009
9. Booth K., Theory of world Security, Cambrige University Press, New York, 2007
10. Brian D. Orend, “War”, Stanford Encyclopedia of Fhilosophy,2005
11. Brzezinski Z., The choise: Global domination or global leadership basic books, NewYork, 2004
12. Brzezinnski Z., The grant Cheasboard, Americanprimacy and its geostrategic imperatives,1997
13. Бузан Б., Луѓе, Држави и страв Проблемот со националната безбедност во меѓународните односи, Академски печат, Скопје, 2010
14. Chossudovsky M., The globalization of Povertu and the New World, Order, second edition, global research, center for Research on globalization, 2003
15. Davis L.E., Globalization’s Security implications, Issue Paper, RAND, 2003
16. Deutsch K.W. and Singer J.D.,Multipolar Power Systems and International Stability,World po Dalder H.I., NATO at 50:The Summit & Beyond, the Brookings Institution, Washington D.C.2000litics,1964

17. Evans Aleks et al Confronting long crises of globalization: Risk, Resilience and International order, Managing global insecurity, Brookings CIC, 2010
18. Friedman T.L., The lexus and the olive tree, farad straus Giroux, New York, 1999
19. Fukuyama F., The and of history and the last man, Penguin books,1992
20. Fukujama F., Amerika na prekretnici- Demokratija moc I neokonzervativno zavestanje, Podgorica, 2007
21. Francois – Bernard Huyghe, "Impuritu of War", International Review of the Red Cross, vol.91, no.837, March ,2009
22. Geis, L. Brock and H. Muller,"From Democratic Peace to Democratic War?", Journal of Social Justice,no.19, Frankfurt,2006
23. Георгиева Л., Менаџирање на ризици,Филозофски факултет, Скопје, 2009
24. Георгиева Л.,„ Безбедносни импликации на глобализацијата: конфликтите превенцијата како норма на безбедносната политика", Глобализацијата, мирот и безбедноста,Филозофски факултет, Скопје, 2008
25. Георгиева Л.,Творење на мирот: Мирот, безбедноста и конфликтите по Студената војна,Филозофски Факултет,Скопје,2007
26. Гиденс Е., Забеган свет – како глобализацијата ги преобликува нашите животи, Филозофски Факултет, Скопје, 2003
27. Гликсман А., Говор Рата, Београд, 1996
28. Global strategic assessement 2009: Amerika's security role in a changing world. Institut for National strategic studies, National defence University press, 2009
29. Гоцевски Т., Економски развој и мирот, Филозофски Факултет, Скопје, 2011
30. Гоцевски Т., Унификација на системите во услови на глобализација, Филозофски Факултет, Скопје, 2008
31. Goetscal L., Globalization and Security: The Challenge of collective action in a politically Fragmented World, Global Society, Vol.14 No.2, 2000

32. Голдсмит Е. И Мандер Џ., Глобализација – аргументи против, Clio, 2003
33. Grimmett R.F., CRS report for Congress; Conventional Arms Transfers to developing Nations, 1999 – 2006, September 26, 2007
34. Held D. and others, Global transformations, Politics, economics and culture, polity press, Cambridge, 1999
35. Хју П., Поим за глобалната безбедност,Скопје, 2009
36. Holsti K.J., The State, War and the State of War, Cambridge, 1996 y
37. Huntington S., Sukob civilizacija I preustroj svetskog poredka, Izvori, Zagreb, 1996
38. Калиникос А.,„ Марксизмот и глобалното управување, превод, Академски печат, Скопје, 2010
39. Kanton Dz., Ekstremna buducnost: Najznacajnie tendencije koji ce promeniti svet u narednih 5,10 I 20 godina, Klio, Beograd, 2009
40. Kegley C.W., jr., and Eugene R. Witkopf, World politics trend and transformation, Thomson Learning, London, 2004
41. Kenneth N. Waltz, "Man The State, and War: A Theoretical Analysis, Columbia University Press, New York,2001
42. Kenneth N. Woltz, "Realist Thought and Neorealist Theory", Journal of International affairs, Columbia University,New York,1990
43. Kenneth N. Waltz, Theory of International Politics, Addison-Wesley Publishing Company Reading, Massachusetts, University of California,Berkeley, 1979
44. Kisinger H., Diplomacy, Simon & Shuster, New York, 1994
45. Клаузевиц К., О рату, Београд, 1951
46. Maul W. H., " World politics in turbulence". International politics and society, Fredrich – Ebert – Stiftung, IPG 1/ 2011, p.p. 11-25
47. Мекгру Е., „ Глобализацијата и светската политика" во: Глобализацијата на светската политика, Вовед во меѓународните односи, Скопје, 2009
48. Micovic V., Globalizacija I novi svetski poredak, Beograd 2001
49. Morgenthau H.J., Scientific Man vs. Power Politics, University Of Chicago Press, Chicago, 1946
50. Morgenthau H.J., Politics Among Nation, 6th edition, New York, 1985

51. Нацев З., Глобализација – процес кој води кон мир и стабилност или кон нови поделби и конфронтации, Глобализацијата, мирот и безбедноста, МО на Република Македонија, Филозофски Факултет, Скопје, 2008
52. Нацев З., Начевски Р., Војна, мир и безбедност,Македонска ризница, Куманово, 2004
53. Недјалкова А., Бауман З. Филипов Д., Глобализам регионализам и антиглобализам, София, 2005
54. NATO FANDBOOK, Oficce of information and press NATO- Brussels-Belgium, 2001
55. Novicic Z.,"Neoralizam Keneta Volca", Institut za megunarodnu politiku I privredu,Beograd,2009
56. Odora C.,„In the seas with the sharks: experiencing Globalization – An African perspective“, Oslo, 1999
57. Пју М., Одржување на мирот и безбедноста во Управување со глобализацијата., Моќ, власт и глобално управување, Академски печат, Скопје, 2010
58. Plevnik J., Iza globalizacije, Zagreb, 2003
59. Поку Н.К.,„Глобални пандемии: ХИВ/СИДА“, во: Управување со глобализацијата: Моќ, власт и глобално управување, Скопје, 2010
60. Polanji K., Velika transformacija, Filip Visnjic, Beograd, 2003
61. Попович Т.Г., Криза глобализације и/или глобализација кризе, бесједа, Бања Лука, 2003
62. Risar Z.F., Tacno u podne: Dvadeset globalnih problema, dvadeset godina na budu reseni, Beograd, 2008
63. Samari K., Kako upravljati pobedom; Corsokak protektorata, Le Monce Diplomatique, br.27. Maj 2003
64. Schmidt H., the Transatlantic Alliance in the 21$^{st}$ , NATO rewiew, NATO Oficce of information and press,Brussels,1999
65. Show D.M., National Security for a New era: Globalization and Geopolitics after Iraq, 2008
66. Simic D., Svetska politika, megudrzavni poredak, svetska politika, globalni odnosi, Fakultet politickih nauka I Cigoja stampa, Beograd, 2009

67.SIPRI Yearbook: Armaments, Disarmaments and International Security, Stockholm International Peace Research Institute,(достапно на https://www.sipri.org/sites/default/files/SIPRIYB18c03_1.pdf)
68.Sloan E., Hegemony, power and hybrid war,by Dialogue of Civilization Research Institute, 2018
69. Solte J.A., Globalizacija – Kriticki uvod, Podgorica, 2009
70. Stahn C. and Kleffner J. (eds.), Jus Post Bellum: Towards a Law of Transition From Cinflict to Peace, Cambridge: Cambridge University Press,2008. Gary J. Bass, "Jus Post Bellum", Philosophy & Public Affairs, vol. 32, no.4, 2004
71. Stiglic, Dz; Protivrecnosti globalizacije. SBM-x Beograd 2002
72. Стојановиќ С., Глобализација и безбедносне перспективе света, Београд, 2009
73. Сун Цу, Вештина на војувањето, Скопје 1996
74. Turek F., Globalizacija I globalna sigurnost, Hrvatska udruga za megunarodne studije – HIMS, Varazdin, 1999
75. UN Financial Crises, Global Policy Forum ( accessed February 25, 2007)
76. US Military Spending vs. The world, 2008, Center for arms control and – proliferation, February 20, 2008. Stocholm International Peace Research Institute, Yearbook 2006
77. Вајденфелд В., Веселс В., Европа од А до Ш: Прирачник за европска интеграција, БПБ, Скопје, 2003
78. Valerstin I.,Opadanje Americkemoci, Podgorica, 2004
79. Ванковска Билјана, Меѓународна безбедност: Критички пристап,Филозофски Факултет, Скопје, 2011
80. Vidojevic Z., " Globalizacija I nova istoriska neizvesnost" Iskusenja globalizacije: Oktobar, 2004
81. Vidojevic Z., Kuda void globalizacija, Filip Visnjic, Beograd, 2005
82. Вилијамс П.Д. уредник, Студии по безбедност,Арс Ламина, Скопје, 2012
83. Viotti P. R., Kauppi M.V., International Relations and World Politics: Security, Economy, Identity, New Jersey, 2007

84. Водс, Н.,„Меѓународна политичка економија во доба на глобализација“ во Глобализација на светската политика, Вовед во меѓународните односи, Скопје, 2009
85. Vukadinovic R., Medjunarodni odnosi od Hladnog rata do globalnog poretka, Zagreb,2001
86. Vuletic V., Globalizacija mit ili stvarnost, Zavod udzbenike I nastavna sredstva, Beograd, 2003
87. Walters M., Globalization, Routlege, London, New York, 1995
88. Wright D., A study of War, Chikago, 1951
89. Зенделовски Г. и Нацев З., Глобализацијата, мирот и безбедноста, Филозофски Факултет, Скопје, 2014
90. Зенделовски Г., Нексусот Глобализација – Демократија низ призмата на (нео)либералните обележја, Филозофски Факултет – Скопје, 2009
91. Zendelovski G., Reconstructuring of the World Order in Contemporary International Relations, Security dialogues, Faculty of Philosophy, Skopje,2015

Други извори:


https://eeas.europa.eu/
https://www.reuters.com/
http://www.morm.gov.mk/
http://www.sipri.org/
http://www.nato.int/
http://www. Visionofhumanity.org/
https://www.fas.org/
http://www.washingtonpost.org/
https://assets.publishing.service.gov.org.uk.
https://www.hoover.org
Publicdiplomacy.wikia.com
http://www.un.org.
https://www.nato.int.
https://www.eu2005.gov.uk.
http://plato.stanford.edu/